УНИВРЗИТЕТ СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА

# ДВОЈНАТА ПРИРОДА НА ЈАЗИКОТ: СФАЌАЊАТА ЗА ЈАЗИКОТ КАЈ АНГЛИСКИТЕ ЕМПИРИСТИ (16 - 18 ВЕК)

- Магистерски труд-

**Кандидат:**

**Зоран Трајковски**

**Ментор:**

**Проф. д-р Ана Димишковска**

Скопје

Декември 2016

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД.......................................................................................................3

1.ЈАЗИКОТ КАКО СИСТЕМ ОД ЗНАЦИ: СЕМИОТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА..8

2. ФИЛОЗОФИЈАТА НА ЈАЗИКОТ КАКО ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНИОТ ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ.......................................................................15

3. АНГЛИСКИТЕ ЕМПИРИСТИ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ТРАДИЦИОНАЛНАТА И ЗА СОВРЕМЕНАТА ФИЛОЗОФИЈА НА ЈАЗИКОТ ..............................................................................22

3.1. Општествено-политичките услови во кои се појавува емпиризмот како правец во нововековната филозофија..............................................22

3.2. Претставниците на емпиризмот и нивните главни идеи......................23

4. СПЕЦИФИЧНИТЕ СФАЌАЊА ЗА ЈАЗИКОТ И НЕГОВАТА ДВОЈНА ПРИРОДА КАЈ АНГЛИСКИТЕ ЕМПИРИСТИ...................................................................33

4.1. Френсис Бекон: јазикот и идолите на плоштадот (пазарот)................. 33

4. 2. Хобс: употребата и злоупотребата на јазикот...................................37

4.3. Беркли: Критика на учењето за апстрактните општи идеи....................42

4.4. Лок: Зборовите како знаци за идеите............................................49

ЗАКЛУЧОК.......................................................................80

БИБЛИОГРАФИЈА...............................................................83

**Вовед**

Кога зборуваме за јазикот, секогаш се поставува прашањето: Што претставува јазикот? Одговорот на ова прашање зависи од тоа како и од кој аспект сме заинтересирани да го разгледуваме. Во основа, јазикот претставува човечки систем на комуникација кој употребува произволни знаци, какви што се звуците и пишаните симболи. Тој се заснова на систематското комбинирање на помали во поголеми единици. Така, звуците од јазикот, фонемите, ги комбинираме за да образуваме лексички единици (зборови). Понатаму овие лексички единици се комбинираат со цел да оформат посложени граматички структури - реченици. Функционирањето на јазикот се заснова врз правила од синтаксички, семантички и прагматички карактер: синтаксичките правила го определуваат меѓусебниот однос на знаците, семантичките правила го определуваат односот на знаците кон значењата кои им се припишуваат а прагматичките правила го определуваат односот на знаците кон нивните корисници.

Сепак, јазикот претставува нешто многу посложено и позначајно отколку обичен систем на знаци. Благодарение на него човечката комуникација се одделува од другите видови комуникација кои се одвиваат во природата. Оваа специфичност може да се согледа преку различните димензии и функции на човечкиот јазик. Од нив како најзначајни можат да се издвојат: референцијалната (информативната) функција - капацитетот на јазикот да соопштува нешто за надворешниот свет и да пренесува информации од различен вид; експресивната (афективната) функција, која овозможува изразување чувства и ставови од страна на говорникот, или предизвикување чувства кај слушателот, и директивната (насочувачка) функција, која се однесува на употребата на јазикот за предизвикување или спречување определени дејствија. Преку исполнувањето на овие и други значајни функции (аргументативна, естетичка, церемонијална, итн.) јазикот се покажува како мошне важна појава во човечкиот живот. Низ него го осознаваме светот во кој живееме, воспоставуваме контакт со себеси и со другите луѓе, ја изразуваме и развиваме својата креативност, ги зачувуваме и пренесуваме цивилизациските

придобивки, итн. Јазикот има не само одразувачка туку и творечка улога во воспоставувањето на заедничкиот поим на стварноста, како и во градењето и одржувањето на формите на општествениот живот.

Филозофијата на јазикот како дисциплина која го проучува јазикот од филозофска гледна точка е релативно нова, бидејќи се оформува кон крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век.[1] Сепак, размислувања за јазикот претставуваат дел од филозофската мисла од самите нејзини почетоци. Така, во делата на големите мислители од античкиот, средновековниот и нововековниот период, како што се Аристотел, Платон, Августин, Бекон, Хобс, Лок, Беркли, Лајбниц, Декарт и други, можат да се сретнат значајни анализи на некои од главните прашања со кои се занимава и современата филозофија на јазикот, како што се односот на јазикот и битието, односот на јазикот и мислењето, проблемот на смислата, значењето и вистината, можноста од конституирање на еден универзален јазик, итн. Оттаму, може да се очекува дека современите истражувања од филозофијата на јазикот ќе посветуваат значајно внимание на историјата на филозофските размислувања за јазикот. Во оваа историја се содржани не само почетоците на идеите кои денес се актуелни, туку и извесни перспективи кои допрва би можеле да бидат подетално развиени.

Сепак, прегледот на современата литература од областа на филозофијата на јазикот не ги потврдува овие очекувања. Во најзначајните дела од оваа област, особено на оние од англиското говорно подрачје, може да се забележи отсуството на историската перспектива. Оваа празнина е особено голема кога станува збор за групата мислители кои вообичаено се именуваат како „англиските емпиристи“ кои живеат и творат во периодот од 16 до 18 век – имено, Бекон, Хобс, Лок и Беркли. [2] Читањето на нивните дела покажува дека тие имаат развиено значајни филозофски идеи кои се однесуваат на

---

[1] Види подетално за филозофијата на јазикот кај Џон Серл, *Говорни чинови*, Арс Студио, Скопје, 2016 стр. 3 - 4.

[2] Иако во оваа група мислители вобичаено се вбројува и Хјум, неговите текстови нема да бидат предмет на анализа во овој труд, затоа што тој, за разлика од другите споменати мислители, не се занимава експлицитно со проблематиката на јазикот.

проблематиката на јазикот, а кои го немаат добиено третманот и статусот што го заслужуваат. Затоа, еден од главните мотиви за изработка на овој труд е обидот да се пополни оваа теориска празнина и сфаќањата за јазикот на овие мислители да бидат подетално анализирани. Ваквата анализа би требало да има не само историско, туку и пошироко теориско значење; се очекува низ неа да се дојде до сознанија кои се значајни и за современите истражувања од областа на филозофијата на јазикот.

Основен предмет на истражувањето изложено во овој труд ќе бидат сфаќањата за јазикот кои, во повеќе или помалку развиена форма, можат да се сретнат во делата на најистакнатите англиски емпиристи од 16, 17 и 18 век - Френсис Бекон, Томас Хобс, Џон Лок и Џорџ Беркли. Фокусот на истражувањето ќе биде ставен врз оригиналноста на сфаќањата за јазикот кај овие филозофи. Ќе се посочи дека наспроти разликите во нивните општи филозофски позиции заедничката црта во нивниот пристап кон јазикот е нагласувањето на неговата „двојна природа". Така, кај сите овие автори, покрај позитивната димензија на јазикот како инструмент на познанието и на комуникацијата се потенцира и неговата негативна димензија, односно злоупотребата на јазикот како средство со кое се пренесуваат заблудите и погрешните сфаќања и се одвива манипулацијата со луѓето. Во истражувањето, низ споредување на делата на споменатите филозофи ќе биде проследена оваа идеја за двојната, конструктивна и деструктивна употреба на јазикот, и ќе бидат анализирани нејзините филозофски последици.

Основните цели на истражувањето ќе бидат следниве:

- Да се проучи и разбере суштината на гледиштата за јазикот кои се среќаваат кај споменатите филозофи, преку воочување на клучните тези и аргументи врз кои се темелат овие гледишта;
- Да се истражи влијанието на емпиристичката филозофска позиција врз формулирањето на идеите за јазикот, особено за позитивите и негативните аспекти на неговата употреба;

- Да се воочат не само сличностите, туку и разликите помеѓу гледиштата за јазикот кај англиските емпиристи и да се објаснат природата и потеклото на овие разлики;
- Да се укаже на значењето на сфаќањата на овие автори и за современата филозофија на јазикот, преку посочувањето на оригиналноста на нивните решенија кои се однесуваат на врската на јазикот, светот, познанието и комуникацијата

Основната теза врз која се базира истражувањето е идејата дека сфаќањето за јазикот кај секој од споменатите емпиристички мислители – Бекон, Хобс, Лок и Беркли е условено од два фактора: од една страна, од заедничките емпиристички филозофски претпоставки кои тие ги споделуваат, а од друга страна, од специфичностите на филозофскиот пристап на секој од нив.

Со нагласувањето на искуството, а особено на сетилното искуство како основен извор на познанието, кај сите овие мислители се наметнува потребата од попрецизно објаснување на односот помеѓу зборовите и идеите, особено на начинот на кој функционираат зборовите како знаци на општите идеи. Анализата на нивните дела ќе покаже дека позитивната улога на јазикот се состои во тоа што благодарение на специфичната врска помеѓу зборовите и идеите тој го овозможува како познанието, така и општествената комуникација. Негативната улога на јазикот, пак, се состои во тоа што низ него, како на активен и така и на пасивен начин, се пренесуваат заблудите и верувањата во непостојни и погрешни нешта.

Специфичностите на пристапот кон јазикот кај секој од овие автори се условени како од нивните лични филозофски преокупации, така и од разликите во општите филозофски прашања актуелни во времето и во околностите во кои тие дејствуваат. Така, сфаќањето за јазикот кај Бекон е развиено под влијание на неговата првенствено методолошка ориентација; сфаќањето за јазикот кај Хобс е развиено како увод во неговата социјална и политичка филозофија;сфаќањето за јазикот кај Беркли и кај Лок е еден од клучните елементи во нивната теорија на познанието.

Ова истражување ќе биде базирано врз текстуална анализа и споредување на релевантните дела на Бекон, Хобс, Лок и Беркли, како и на

секундарна литература посветена на нивниот опус, со посебен акцент на прашањата за јазикот во филозофскиот пристап на секој од нив. Доминантни методи кои се користени во истражувањето се аналитичко-синтетичкиот, херменевтичкиот и компаративниот метод, со чија примена идеите на овие автори во поглед на јазикот се анализирани, протолкувани и споредени, а добиените сознанија ќе бидат обединети во соодветни заклучоци

Со истражувањето прикажано во овој труд би требало да се пополни една значајна теориска празнина во историјата на филозофијата на јазикот, не само во македонскиот, туку и поширокиот филозофски контекст. Имено, иако постои мошне обемна литература посветена не само на англискиот емпиризам воопшто, туку и на филозофијата на секој од неговите најзначајни претставници, недостасуваат систематски истражувања на третманот на јазикот во делата на емпиристичките филозофи.

# 1. ЈАЗИКОТ КАКО СИСТЕМ ОД ЗНАЦИ: СЕМИОТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА

Семиотиката или семиологијата е наука за знаците. Знакот е основен поим на целокупната наука за јазикот но токму поради таа важност тој поим е еден од најтешките за дефиниција. Во семиотичките истражувања се застапува становиштето дека сите знаци упатуваат на некаква релација меѓу два елемента што се поврзуваат, но оваа дефиниција е премногу општа.

Вербалните знаци отсекогаш играле улога од прв ред во комуникацијата меѓу луѓето. Размислувањето за јазикот и знаците било присутно и во Кина Индија, Грција и Рим, но Лок е првиот кој ја основа оваа дисциплина и го даде името *семиотика*.[3]

Семиотиката станува независна наука со делото на американскиот филозоф Чарлс Пирс.[4] Тој рекол дека неговото интересирање никогаш не било насочено кон проучување на моралот, анатомијата или астрономијата туку, пред сè, во прв план било семиотичкото прочување. Затоа кај Пирс семиотичките описи се исто толку разновидни колку и набројаните предмети.

Пирс разликува примарност, секундарност и терцијалност на самото семиотичко искуство.

Имено, сето искуство на човекот, според Пирс, се организира на три рамништа што се нарекуваат примарност (квалитетот на самите нешта по себе, вон нивните односи со другите нешта), секундарност (двочлените релации што нештата ги воспоставуваат со другите нешта) и терцијалност (трочлените релации на претставување или репрезентација),.

Знакот, од своја страна, е еден од тие три односи со три страни што го условува процесот на координирање неговиот предмет и дејството што го произведува знакот или интерпретантот.

---

[3] Види, Џон Лок, *Оглед за човечкиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, 732-733.

[4] За ова подетално види во *Semiotic and Significs*: *The Corespondence between Ch. S. Pierce and Victoria Lady Welby*, Bloomington, Indiana Univ. Press, 1977.

Во поширока смисла Пирс вели дека интерпретантот е значењето на знакот, а во потесна смисла парадигматскиот однос помеѓу еден и друг знак.

Втор значаен аспект на семиотичката дејност на Пирс се неговите класификации на знаците. Меѓу нив најзначајна е дистинкцијата икона, индекс, симбол. Тие три рамништа на знакот што одговараат на примарноста, секундарноста и терцијалноста на семиотичкото искуство се дефинираат на следниов начин:

*Индексот* како знак самиот се наоѓа во физичка поврзаност со означениот предмет.

*Иконата*, според Пирс е тоа што предочува исто својство или пак иста конфигурација на својства како и одбележаниот предмет.

*Симболот* се поврзува со нештото што го означува врз основа на некаква конвенција, како што е случај со зборовите на еден јазик.

Пирс разликува знак-тип (type) и знак-примерок (token). Влегувајќи во реченицата знакот-примерок трпи внатрешни модификации. Тој може да се комбинира со некои знаци, а не со други. Уште повеќе, тие комбинации се различни по природа. Тој аспект на знакот што му допушта да влегува во говор и да се комбинира со други знаци се вика способност за значење (signifance).

Семиотиката има сложен однос со лингвистиката. Може да се тргне од нелингвистички знаци и меѓу нив да му се најде место на јазикот (тоа е, всушност, линијата на Пирс). Меѓутоа, тоа го поставува проблемот на односот на лингвистичките знаци во потесна смисла и другите типови знаци, како што е на пример сообраќајниот код. Јазикот е систем од знаци што изразуваат идеи и оттаму споредлив со писмото, со азбуката на глувонемите, со симболичките обичаи, со формите на љубезност, со воените знаци итн, што ја прави семиотиката мошне интересна и комплексна дисциплина.

На сосем независен начин од Пирс, семиологијата ја најави и Фердинанд де Сосир во своето дело *Курс по општа лингвистика*.[5] Меѓу најзначајните семиотички анализи на Сосир спаѓаат анализите на арбитрарниот

[5] Sosir, F., *Kurs opče lingvistike*, Kultura, Beograd, 1976.

(произволниот) карактер на јазичните знаци, Тој го проучува и односот на означителот и означеното како основни делови на јазичниот знак, на системскиот карактер на јазикот во кој положбата и функцијата на секој знак е условена од положбата и функцијата на другите знаци што го сочинуваат системот, итн.

Третиот извор на модерната семиотика е делото на германскиот филозоф Ернст Касирер, особено во неговиот труд *Филозофија на симболичките форми.*[6] Заслугата на Касирер е тоа што го постави прашањето за специфичните закони што ги уредуваат симболичките системи како и за нивната разлика со правилата на логиката. Сепак, може да се каже дека во случајот со Касирер многу повеќе станува збор за филозофски проект отколку за стриктно научен придонес.

Покрај овие филозофи за модерната семиотика дале свој придонес и Фреге,[7] Расел[8] и Карнап[9] но особено Чарлс Морис[10]. Според Морис, семиотиката има двоен однос кон науката: таа претставува наука над науките, но служи и како инструмент на науката. Значењето на семиотиката се состои во тоа што таа претставува чекор кон обединување на науките. Семиотиката е наука која има за цел проучување на стварите и особините на стварите кога тие служат како знаци. Семиотиката овозможува конституирање на општ јазик што може да се примени во однос на секој посебен јазик или знак, а според тоа и на јазикот на науката и на специфичните знаци кои се употребуваат во науката.

Процесот во кој нешто игра улога на знак може да се нарече семиоза. Од ова гледиште произлегува дека во процесот на семиозата имаме повеќе елементи: она што служи како знак, интерпретатор – оној кој го толкува знакот, интерпретант – ефектот на знакот врз интерпретаторот, десигнатум – она што е означено со знакот. Според Морис, јасно е дека знакот, интерпретаторот, интерпретантот и десигнатумот се целосно поврзани помеѓу себе. Семиотиката не се занимава со посебен вид објекти туку со обични објекти, само ако тие учествуваат во процесот на семиозата.

---

[6] Cassirer, E., *The Philosophy of Symbolic Forms*, Vol. I, Yale Univeristy Press, 1980.
[7] Frege, G., *Collected Papers on mathematics, logic and philosophy*, Blackwell, 1984.
[8] Russell, B., *Analysis of the Mind*, Pennsylvania State University, 2001.
[9] Carnap, R., *Logical syntax of Language*, Palgrave Macmillan, 2009.
[10] Morris, C., *The Foundaments of yhe theory of signs*, Boston, 1985.

Бидејќи десигнатот е семиотички термин не може да постои десигнат без семиоза, но можат да постојат објекти иако нема семиоза. Нема никаква противречност кога ќе се рече дека секој знак има десигнатум но секој знак не укажува на нешто што актуално постои. Во случајот кога зборуваме за нешто што актуално постои како објект на кој се однесува знакот тогаш имаме денотатум. Секој знак има десигнатум, но нема секој знак денотатум. Десигнатумот не е ствар туку вид на објект или класа на објекти, а класата може да има мноштво членови, или еден член, или ниеден. Денотатите се членовите на класата.

Семантиката се занимава со односот на знаците кон нивниот десигнат и со тоа кон објектите што овие знаци можат да ги денотираат или што навистина ги денотираат. Кога добро ќе се размисли оваа ситуација не изненадува затоа што строго развивање на семантиката претпоставува релативно високо развиена синтактика. Морис разликува семантичка, синтаксичка и прагматичка димензија на знакот. Тој вели дека синтаксичката димензија го претставува односот на самите знаци, семантичката - односот на знаците со нивните значења, и прагматичката - односот на знаците и нивните корисници.

Уметноста и литературата посебно го привлекуваат вниманието на првите семиотичари како што е Јан Мукаржовски[11], еден од членовите на Прашката школа. Тој вели дека проучувањето на уметностите мора да стане еден од деловите на семиотиката и се обидува да ја дефинра специфичноста на уметничкиот знак. Тоа е автономен знак кој стекнува важност сам по себе а не само како посредник на значењето.

Во СССР, по втората светска војна, под влијание на кибернетиката се развива интензивна семиотичка дејност. Посебно оригинални се трудовите на семиотичарите кои ги проучуваат секундарните семиотички системи засновани на јазикот но не и истоветни со него.

---

[11] Mukaržovski, J., *Struktura, funkcija, znak, vrednost*, Nolit, Beograd, 1986.

Во Франција семиологијта особено се насочи кон проучувањето на општествените форми по углед на јазичките форми. Овде акцентот може првенствено да се стави врз делото на Ролан Барт.[12]

Како што покажаа претходните анализи, знакот е основен поим на целокупната наука за јазикот но токму поради таа важност тој поим е еден од најтешките за дефиниција. Таа тешкотија се зголемува со фактот што во модерната теорија за јазикот се прават обиди да се води сметка не само за вербалните јазични ентитети туку подеднакво и за невербалните знаци. Знакот има секогаш карактер на установа во таа смисла тој постои само за ограничена група корисници. Таа група може да се сведе и на една единствена личност.

Секој процес на означување има два дополнителни аспекта кои треба да се подложат на понатамошно испитување. Првиот аспект, по вертикална оска, го искажува нужниот однос на означеното со означителот. Тој однос го бележи местото на означуваното но не допушта да го идентификуваме.

Вториот однос, по хоризонтална оска, ги определува релациите внатре во даден систем од знаци. Тука идентитетот на знакот се определува на негативен начин, односно преку неговото разликување од другите знаци, а тоа секогаш се остварува внатре во системот. Знакот влегува во парадигматски односи со други знаци. Следствено на ова велиме дека два знака се идентични или различни, дека еден исклучува друг, дека го подразбира или претпоставува. Тоа наведува да се каже дека речникот на даден јазик е организиран и дека знаците на даден јазик се дефинираат едни во однос на други.

Овие објаснувања и дефиниции за знакот ја наметнуваат потребата да се воведат и други концепти за да се опишат сличните а сепак различни односи помеѓу толкувањето на поимите „значење" или „знак".

Така, една од првите разлики што треба да се воспостави е разликувањето на значењето од функцијата на реферирање, наречена денотација. На пример, зборот „јаболко" се врзува со значењето *јаболко*, односно ја искажува замислата, поимот на јаболкото и тоа го претставува аспектот на значењето на овој збор. Од друга страна, зборот „јаболко" служи

[12] Bart, R., *Elementi semiologije*, XXI, Beograd, 2015

да го означи стварното јаболко, кое го претставува неговиот денотат, односно означениот објект. Во исто време треба да се разликува значењето од претставувањето (репрезентацијата) што е појава на ментална слика кај корисникот на знаците. Таа зависи од степенот на апстракција кој го имаат различни слоеви од речникот од гледна точка на деловите од говорот. Тоа степенување се прави тргнувајќи од имињата, преку заменките па се до честичките и сврзниците, кај кои степенот на апстракција е најголем.

Денотацијата и претставувањето се посебни случаи на поопшта употреба на знакот што се нарекува симболизација. Симболизацијата е помалку или повеќе стабилно поврзување на две единици од исто рамниште односно на два означитела или пак на две означени нешта. Така, на пример, зборот „пламен" означува пламен, но во некои литературни дела симболизира љубов.

Друг значаен проблем во семиотиката е проблемот на произволноста, односно на арбитрарноста на знакот. Односот помеѓу означителот и означуваното е нужно немотивиран, бидејќи и двете се од различна природа и не може да се замисли некоја низа од графеми да личи на некое значење.

Истовремено, тој однос е нужен во таа смисла што означителот не може да постои без означеното. Во симболот односот помеѓу она што симболизира и она што е симболизирано е ненужен, произволен, затоа што тие два елемента постојат независно еден од друг и нивниот однос не мора нужно да се воспостави, односно се воспоставува на конвенционален начин.

Како што претходно видовме, систематскиот аспект на вербалниот јазик и постоењето на значењето како однос помеѓу означителот и означеното претставуваат негови основни карактеристики. Сепак, освен нив, вербалниот јазик содржи и друга специфична особина што може да се нарече „секундарност". Така, во вербалниот јазик може да се зборува и за зборовите што го образуваат, односно во него постои разлика на објект-ниво и метаниво: објект-нивото е она на кое јазикот го употребуваме за да зборуваме за вонјазичните објекти, а метаниво е она на кое јазикот го употребуваме за да зборуваме за изразите од самиот јазик и за нивните особености.

Исто така, во јазикот може да се произведуваат реченици што ја отфрлаат денотацијата, како на пример, при употребата на оригиналните метафори.

Следствено, ако секундарноста се смета за особина што му овозможува на вербалниот јазик да ги поседува овие карактеристики ќе се каже дека секундарноста е конститутивен признак. Покрај тоа велиме дека секундарноста е особеност на вербалниот јазик на човекот која го изделува од сите други аналогни системи.

Кога се присутни само првите два услова (систематскиот аспект и значењето) може да се зборува за систем од знаци, а не за јазик. Кога е присутен само првиот услов тогаш ќе се зборува за код како систем на семиотичка „принуда", во кој за секој знак има едно и само едно, точно определено значење (како, на пример, во вештачките логички јазици).

Така, можеме да заклучиме дека поголемиот дел знаковни системи кои нè опкружуваат се мешани; тие се истовремено кодови, знаковни и симболични системи, но ниеден од нив не ги има во подеднаква мера сите три својства на јазикот – систематскиот аспект, значењето и секундарноста.

## 2. ФИЛОЗОФИЈАТА НА ЈАЗИКОТ КАКО ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНИОТ ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

Интересот на филозофите околу прашањето за јазикот отсекогаш постоело. Резултатите од филозофирањето се забележуваат во јазикот, но и самиот чин на филозофирање е неодвоив од јазикот.

Во рамките на античката философија значајни размислувања за јазикот наоѓаме во списите на Платон, особено во дијалогот *Кратил*.[13] Во овој дијалог Платон прашањето за јазикот го третира преку проблемот на имињата и нивното потекло.

Во хронологијата на Платоновите дела дијалогот *Кратил* спаѓа во онаа група расправи што философот ги составил во периодот од 388 до 366 г. пр.н.е. Во него покрај Сократ учествуваат уште Хермоген и Кратил, сите тројца учители на Платон.

Дијалогот во однос на соговорниците но и според темата на разговорот е поделен на два дела.

Во првиот дел (383а-440е) Сократ разговара со Хермоген, приврзаник на Парменидовата философија, а во вториот (428а-440е) со Кратил, следбеник на Хераклит. Дијалогот започнува со барањето на Хермоген упатено до Сократ тој да му објасни што кажува Кратил кога вели: „Тебе не ти е името Хермоген (роден од Хермес) па дури и кога сите луѓе така би те нарекувале". Со оваа забелешка, се отвора големото прашање - „едно од најголемите" (427е) прашањето за точноста на имињата. Расправата за точноста на имињата во првиот дел од дијалогот се однесува главно на онтолошките, а во вториот дел на гносеолошките прашања. Имено, кога Сократ и Хермоген разговараат за точноста на имињата тие разговараат за за нивната суштина и природа, за тоа како и зошто настануваат имињата и што означуваат тие.

[13] Платон, *Кратил*, Магор, Скопје, 2006.

Уште од самите почетоци размислувањето за јазикот настојувало да сфати дали некој јазик е оригинален, непредвидлив, несведлив на каква и да е стварност или пак дали тој, напротив, може делумно или целосно да биде објаснет со природниот ред на предметите или на мислата. Во светлината на ова прашање, дијалогот го движат две спротивставени тези.

Едната е дека имињата имаат своја природна точност и дека тие се соодветни со она што го именуваат, па, според тоа, и она што го изразуваат може да се осознае.

Другата е дека имињата се некакви договори помеѓу луѓето кои настануваат случајно и по навика ,па од нив не може да се осознае суштината на она што се именува зашто името не ја означува природата на именуваното.

Овие две спротивставени и исклучиви гледишта Сократ ги поврзува во својата теорија за името според која името е изработка на оној кој ја поседува вештината на именувањето, а кој се вика мајстор за изработка на имиња. Иако поводот за овој разговор е „едно од најтешките прашања", како што изјавува самиот Кратил сепак дијалогот тече спонтано и едноставно.

Кратил е дијалог кој стана особено актуелен во минатиот век со појавата на растечкиот интерес за јазикот херменевтиката и реториката.

Проблемот на припишување имиња на предметите претходно беше поставен од страна на софистите. Платон во *Кратил* ги претставува двете главни позиции по тоа прашање. Едната е претставена од Кратил кој, повеќе или помалку отворено, се поврзува со Хераклит и го брани ставот дека има природна врска меѓу имињата и предметите што ги означуваат, или барем дека без таа врска нема автентично име. Таа позиција може да се сумира во ставот „Тој што ги познава имињата ги познава и предметите".

За да [i]се покаже скриената мудрост содржана во речникот на определен јазик, односно во самите имиња на нештата, во дијалогот *Кратил* најпрвин се пристапува кон етимологијата на зборовите. Преку додавањето, изоставањето или модификувањето некои букви, од дадено очигледно произволно име се постига да се појави друго име на неговото место или пак низа имиња кои правилно го опишуваат предметот означен со почетното име; значи, тука не

станува збор за историско истражување, туку за напор да се открие вистината. Во поглед на прашањето што се тоа примитивни имиња, оние кон кои етимологијата веќе нема пристап, се бара непосредна врска меѓу значењето на зборот и неговиот звучен аспект, при што се претпоставува дека елементарните звуци на јазикот имаат природна репрезентативна вредност.

Но идејата дека живата реч е специфично откривање на вистината се судира со тезата инспирирана од Демокрит и поврзана со една релативистичка струја на мислата која својата основа ја наоѓа во мислата на Протагора: „Човекот е мера на се". Според оваа позиција, имињата се резултат на човечките договори, односно конвенции, па според тоа се произволни. Таа теза, како што беше и претходно споменато, во дијалогот ја застапува Хермоген.

Што се однесува на ставот на самиот Платон, дури и да се смета дека тој ја признава произволноста што владее во постојните јазици (етимологиите што ги дава се намерно фантазматски), сепак одбива да изведе релативистички заклучоци во поглед на прашањето за имињата.

Напротив тој заклучува дека, поаѓајќи од јазикот, вистината треба да се бара во интуицијата на суштините Само нивното сфаќање би дозволило да се создаде „идеален јазик". Меѓутоа, дури и во тој јазик имињата не би биле слики ами само „дијакритички знаци".

Други значајни идеи за проблематиката на јазикот во античката филозофија наоѓаме во делата на Аристотел. Тој зборува општо за јазикот, но се посветува и на јазичките изрази, особено на нивниот логички аспект.

Аристотеловото дело „За толкувањето" (*De interpretatione*) е едно од првите философски дела во западната философија кое се занимава со соодносот помеѓу лингвистиката и логиката на експлицитен и формален начин.[14]

Делото започнува со анализа на простите категорички тврдења и изведува низа основни заклучоци за секојдневните проблеми со класификацијата и дефиницијата на основните лингвистички форми како простите поими и тврдења, именките и глаголите, негацијата, изразите со кои се

[14] Aristotle, *Categories and De Interpretatione*, Oxford University Press, Oxford, 1975.

означува квантитетот (примитивниот корен на квантификаторите во современата симболичка логика), законот на исклучениот трет (кој, според Аристотел, не важи за тврдењата во идно време), модалните тврдења итн.

Првите шест глави се занимаваат со поимите и видовите зборови во јазикот, додека следните шест глави се занимаваат со тврдењата и простите тврдења, меѓу кои се третираат и темите за негацијата и квантитетот. Последните три глави се занимаваат со модалностите .

Логичко-јазичките анализи на Аристотел вршат големо влијание не само во антиката, туку и во средниот век, кога се јавува т.н. спор за универзалиите, односно за значењето на општите поими. Во зависност од одговорот на ова прашање, се издвојуваат три правци: реализам, според кој општостите (како на пример *човек*, *живо суштество*, итн.) постојат реално; номинализам, според кој тие се празни звуци, голи имиња што не означуваат нешто што постои реално, само по себе, и концептуализам, според кој општостите постојат единствено во човековиот ум, како поими или концепти.

Иако и во нововековната филозофија јазикот повремено се јавува како предмет на размислување во делата на различни филозофи, дури во средината на XX век проблематиката на јазикот доаѓа во жариштето на филозофското интересирање. Всушност, прашањето за јазикот малку по малку доаѓа во средиштето на филозофијата поради двојната криза - како криза на филозофијата и криза на јазикот.

Во поновата филозофија на јазикот се истакнуваат четири афирмирани пристапи кон јазикот: логичкиот позитивизам, филозофијата на обичниот јазик, трансформативно-генеративната граматика, херменевтиката.

Ако некое филозофско истражување најпрвин претставува разјаснување на поимите кои се вклучени во формулацијата на проблемот - поими кои главно се претставуваат преку зборовите на разговорниот јазик - филозофот се упатува кон анализа на значењето на зборовите која може да се нарече лингвистичка.

Во сета филозофија која се нарекува рефлексивна, јазичката анализа била практикувана на систематски начин, а често сметана и за единствено легитимно филозофско истражување од повеќето британски филозофи од првата половина

на XX век, кои самите се нарекуваат „филозофи на јазикот“ а пак своето истражување го викаат аналитичка филозофија. Во раната фаза на аналитичката филозофија преовладува логичко-позитивистичкиот приод.

Во рамки на логичкиот позитивизам се инсистира врз формирањето на формализиран јазик како средство за решавање на теориските проблеми. Ова барање има корени во англо-саксонската филозофија чии претставници се Фреге, Карнап и други мислители кај кои почетната мотивација е антиметафизичка и позитивистичка.

Развивајќи некои идеи на логичарите од претходните епохи, неопозитивистите како Карнап, Расел и Витгенштајн ги бранеа ставовите дека најголем дел од тоа што било напишано во филозофијата не е лажно туку лишено од значење, а пак својата привидна длабочина ја извлекува од лошото користење на разговорниот јазик. Наводно, филозофските проблеми ќе исчезнат тогаш кога ќе се подложат на анализа термините во кои тие се формулирани.[15]

Сепак, во подоцнежната фаза од развитокот на аналитичката филозофија ова становиште се напушта, првенствено под влијание на приврзаниците на т.н. оксфордска школа. Тие се нарекуваат себеси „филозофи на разговорниот јазик“. Тие не го ставаат под прашање јазикот туку начинот по кој го користат филозофите. Централната теза на оксфордските филозофи се изразува преку мислата „Значењето е употреба“. Да се опише значењето на еден збор значи да се даде начинот на неговата употреба. Покрај делата на доцниот Витгенштајн, во оваа струја особено влијателни се трудовите на Џон Лангшоу Остин и на Питер Стросон.[16]

Повеќсто филозофи од аналитичката школа држат до тоа да се прави разлика меѓу нивниот пристап и едно чисто лингвистичко проучување. Наспроти тоа, повеќето од лингвистите сè до најново време не се почувствувале заинтересирани за проучувањата што се нарекуваат филозофски во потесна смисла на зборот.

---

[15] Wittgenstein, L., *The Collected works*, Blackwell, Oxford, 1998.

[16] Austin, J., *The Philosophy of Positive Law*, London, Thoemmes Press, 2002, а исто така види и Strawson, P., *Introduction to Logical Theory*, Methuen, London, 1952.

Во дваесеттиот век гледиштето што привлече многумина млади јазичари е трансформациско генеративната метода што всушност заинтересирала и голем дел од филозофите. Струјата наречена трансформативно-генеративна граматика се поврзува со името на Ноам Чомски. Во своето дело од 1957 година, наречено *Синтаксички структури*,[17] Чомски ја развива идејата дека секоја реченица во јазикот има две нивоа на претставување (репрезентација): длабинска структура и површинска структура. Длабинската стуктура ги претставува суштинските семантички релации на реченицата, и се пресликува врз површинската структура преку трансформации. Според Чомски, во длабинските структури на различните јазици постојат суштински сличности, и овие структури ги откриваат својствата што им се заеднички на сите јазици, а се прикриени од страна на површинската структура.

Иако денес аналитичката филозофија на јазикот е најраспространета, сепак, генеративно трансформациската теорија како да го урива ѕидот помеѓу филозофскиот и научниот пристап кон јазикот и се насочува кон целосно изучување на јазикот .

Но сепак аналитичката филозофија на јазикот сè уште е најдоминантна па многу често во воведите во филозофијата на јазикот не случајно ќе ги сретнеме аналитичките пристапи. Во нивните рамки, прашањето на значењето е тесно поврзано и со прашањето на вистината, прашањето на употребата, пред сè во функција на јазикот како комуникација, прикажување на стварноста или пак дејствување. Но наспроти доминацијата на аналитичкиот приод кон јазикот, во дваесеттиот век е значајна и т.н. херменевтичката струја чии претставници се Ханс Георг Гадамер[18], Пол Рикер[19], Жак Дерида[20] и други мислители.

Херменевтиката е дисциплина што се занимава со толкувањето и е поврзана со сите форми на човечкото дејствување што имаат смисла и значење, но најмногу се занимава со толкување на текстовите како облик на јазична продукција. Херменевтичкиот пристап кон јазикот се интересира за поврзаноста на поголемите и помалите единици на јазикот (делот и целината), нивната улога

[17] Comski, N., *Syntactic Structures*, Mouton, London, 1957.
[18] Gadamer, H., *Beginning of Knowledge*, Continuum, London, 2001.
[19] Riker, P. *Vreme i priča*, Ik Zorana Stojanoviča, Novi Sad, 1993.
[20] Derrida, J., *Of Grammatology*, London, 1976.

во конституирањето на значењето, влијанието на поширокиот културен контекст врз толкувањето и разбирањето и слични проблеми. Така, современата филозофија на јазикот покажува дека јазикот отсекогаш претставувал значаен филозофски проблем кој може да се проучува од многу различни аспекти. Во следните делови од трудот ќе биде анализиран придонесот на најважните емпиристички мислители од 16 до 18 век во проучувањето на оваа сложена појава.

## 3. АНГЛИСКИТЕ ЕМПИРИСТИ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ТРАДИЦИОНАЛНАТА И ЗА СОВРЕМЕНАТА ФИЛОЗОФИЈА НА ЈАЗИКОТ

### 3.1. Општествено-политичките услови во кои се појавува емпиризмот како правец во нововековната филозофија

Како последица на реформацијата во Северна Европа се развил специфичен став кон политиката и кон филозофијата. Неговото појавување како реакција на периодот во религиозните војни и на потчинетоста кон Рим се сосредоточило во Англија и во Холандија. Англија била во голема мера поштедена од ужасите на религиозниот раскол во Европа. Овој нов став кон проблемите во општествената и интелектуалната сфера е наречен либерализам.

Под овој прилично неодреден термин може да се препознаат неколку особени црти. Во прв ред, либерализмот во суштина бил протестантски, но не во тесната калвинистичка смисла. Тој бил повеќе развиток на протестантската идеја дека секој човек мора да го прифати Бога на сопствен начин. Либерализмот бил производ на средната класа во подем која ги развивала трговијата и занаетчиството Заедно со негирањето на божественото право на кралевите се развивало и чувство дека човекот може да се издигне над својата средина со сопствената работа а како резултат на тоа почнало да се нагласува значењето на образованието. Од овој период Англичаните ја наследиле својата типична љубов кон компромисот. Во општествените прашања тоа значело повеќе грижа за подобрување отколку за револуција. Така, либерализмот во XVII век, како што кажува и самото име, бил сила што барала ослободување. Тој ги ослободувал своите приврзаници од сите насилства – политички, религиозни економски и интелектуални - со кои се уште биле поврзани средновековните традиции што умирале.

Тој ја одрекувал надлежноста на државата да пропишува закони за прашањата на филозофијата и на науката. Во Англија и во Холандија растежот на либерализмот бил толку поврзан со општите услови на тоа време што тој немал особено големо влијание во поширокиот општествен контекст. Но во некои други земји, особено во Франција и во Северна Америка, тој извршил револуционерно влијание врз обликувањето на подоцнежните настани. Главниот белег на либералниот став било почитувањето на индивидуализмот.

Во филозофијата тој го истакнува интересирањето за проучувањето на познанието кое оттогаш многу ги окупира филозофите. Славната формула на Декарт „Мислам значи постојам" е типична за тој индивидуализам биејќи тој секого го враќа на неговата сопствена егзистенција како онова за познанието.

Филозофското дело на Декарт инспирирало две главни развојни струи. Едната од нив е повторното заживување на рационалистичката традиција чии главни носители во XVII век биле Спиноза и Лајбниц.

Другата струја е онаа што е наречена британски емпиризам. Тоа е точно дури и кога во политичкото учење британските емпиристи покажуваат одлики на рационалистичкиот пристап. Трите големи пpеставници на ова движење - Лок Беркли и Хјум – живеат и дејствуваат во периодот што се протега приближно од Граѓанската војна во Англија до Француската револуција. Меѓу втемелувачите на емпиризмот исто така се вбројуваат и Френсис Бекон и Томас Хобс.

## 3.2. Претставниците на емпиризмот и нивните главни идеи

**Френсис Бекон** (1561-1626) е англиски филозоф, државник, писател и есеист, кој се смета за еден од основачите на емпиризмот како филозофски правец. Неговите филозофски дела ја промовираат индуктивната методологија на научните истражувања, која се базира врз планирана процедура на истражување на природните феномени. Негови најпознати дела се: „Нов органон", „За достоинството и зголемувањето на науките", „Класификација на науките", „Есеи-или политичко морални совети", „Нова Атлантида".

Френсис Бекон е еден од големите приврзаници на развојот на трговијата и индустријата. Тој се стреми кон целосна реформа во науката и животот воопшто. Во своето дело „Нов органон"прави напори да се збогати човечкиот живот со нови пронаоѓања и да се завладее со природата поставувајќи ја во прв план моќта на човекот над природата. Знаењето, според Бекон, претставува моќ.

Бекон вели дека најважно е да се постави целта на човечките дејствувања за да може да има напредок во науката. Сепак и во тие услови и критериуми што тој ги прецизира се јавуваат грешки кај луѓето кои не сакајќи одат во погрешна насока под влијание на традицијата, некоја одредена литература, или пак мислење на некои научници или обични луѓе.

Во „Нов органон" и во неговата целокупна научна дејност Бекон поаѓа од гледиштето дека состојбата во науката е далеку од посакуваната. Забележал дека напредокот во науката треба да се развива под раководство на човечкиот разум но за остварување на таа цел е потребно да се развијат одредени помошни средства за да може човечкиот ум да ја искористи природата. Покрај поставувањето на споменатата цел Бекон го поставува и прашањето на критиката на логиката во нејзината дотогашна форма и создавањето на правилна постапка и начин како да се изведе научното истражување. Затоа се залага за создавање на „нов органон" или ново орудие во науката каде што во прв план ќе го прецизира и истакнува методот на индукција наспроти дотогашната доминација на дедуктивниот метод, базиран врз силогистичкото расудување.

Разгледувајќи го силогизмот како облик на заклучување, Бекон вели дека тој се состои од реченици, тие се состојат од зборови, а зборовите претставуваат знаци за поимите што ги одредуваат овие поими. Следствено, ако поимите се збркани или недоволно објаснети тоа ќе има негативни последици врз целокупниот процес на расудување.

Тогаш, решението е во вистинската индукција како метод со кој ќе бидат формирани адекватни поими кои понатаму ќе служат како основа за истражувањето. Во контекст на ова гледиште тој тврди дека постојат два начини на научно истражување и пронаоѓање на вистината.

Првиот начин поаѓа од осетот и поединечностите но пребрзо преоѓа кон најопштите аксиоми, па врз основа на тие аксиоми сфатени како принципи и нивната претпоставена вистинитост ги изведува останатите знаења и заклучоци. Тоа, според Бекон, е начинот кој е во општа употреба во неговото време. Вториот начин на истражување, пак, ги гради знаењата почнувајќи од поединечностите и осетот но со постепено и континуирано издигнување доаѓа

до најопштите знаења и заклучоци. Но овој начин на истражување не бил доволно објаснет и потврден, а Бекон смета дека токму тој е вистинскиот начин на кој треба да се одвива истражувањето.

Имено, и во двата случаја се поаѓа од човечкиот осет и поединечностите, а се завршува со најопшти сознанија, но сепак двата начина на истражување се мошне различни. Едниот од самиот почеток поставува апстрактни и бесполезни општости, а другиот начин на истражување постепено се издигнува до општите принципи и дава универзално знаење за природата. Вториот начин на истражување всушност е индукцијата сфатена во Беконова смисла, на чие разработување е посветен најголемиот дел од „Нов органон".[21]

Следејќи ги овие сфаќања и размислувања Бекон дошол до заклучок дека треба да се изврши реформа на начинот на истражување; според него, подобро е да се почне од темел отколку да се вртиме во круг и да не ја постигнеме целта на истражувањето.

Сепак тој пат на реформирање на начинот на истражување и откривање на вистината воопшто не е лесен туку е полн со пречки. Неговото мислење е дека во самиот човечки ум постојат тн. идоли и лажни поими односно заблуди кои го оптоваруваат човечкото мислење и размислување и го отежнуваат непристрасното трагање по вистината за светот и природата. Беконовиот придонес за филозофијата на јазикот е концентриран токму во неговото учење за идолите, што подетално ќе биде разгледувано во следното поглавје на овој труд.

**Томас Хобс** (1588 -1679) во својот долг животен век бил сведок на бурните историски настани кои се одигрувале во средината на 17 век. Во средиштето на неговите интереси биле човекот и пошироката општествена заедница. Хобс покажал голем интерес и за активностите на англиската буржоазија во периодот кога и требало создавање на силна државна власт.

[21] Види, Френсис Бекон, *Нов органон*, Аз-Буки, Скопје, 2006.

Државата не претставува нешто што е создадено од господ туку е создадена како резултат на општествен договор, вели Хобс.[22] Според Хобс, ако двајца луѓе сакаат иста работа за да можат да опстанат или да се одржат во борбата за власт често пати тие меѓу себе доаѓаат до конфликт. Додека нема заедничка власт и закони луѓето во животот се наоѓаат во вистинска војна секој против секого, тврди Хобс.

Стравот од смртта ги прави луѓето да бидат наклонети кон мирот и во животот да се откажат од нивните основни права со тоа што и другите би го направиле истото и својата власт да ја пренесат на поединци или на поголема група луѓе, вели Хобс.

Според него, мноштвото што е разумно и соединето во една личност се вика држава. Суверениот носител на таа личност има апсолутна власт; поединците не можат да го менуваат тој облик на држава бидејќи тој договор е неотповиклив, вели Хобс. Учењето за природната состојба како борба на секој против секого почива врз метафизичката претпоставка дека постои една вечна и непроменлива човечка природа и дека секој човек на човекот му претставува волк.

Сепак, за да можат луѓето да комуницираат и да се поврзат во општествена заедница неопходно е тие да го користат јазикот како средство. Така, во своето главно дело "Левијатан", тој подетално го анализира функционирањето на јазикот, за што повеќе ќе стане збор во следното поглавје од трудот.

**Џон Лок** (1632-1704) се појавува како основач на теоријата на познанието како филозофска дисциплина. Тој дава голем придонес кон поставувањето на темелите на Просветителството. Во филозофска смисла е голем систематичар, еден од основачите на англискиот емпиризам, а во својата политичка теорија застапува либералистички ставови и се залага за неотуѓивост на народот и неговиот суверенитет.

[22] Меѓу најзначајните дела на Хобс спаѓаат: *Левијатан, De Corpore, De Cive* итн.

Животното патешествие на Лок е интересно. Од Оксфорд преку Бранденбург едно време поминал и во кралското друштво за потоа да помине три години во Франција, а потоа да се вклучи во политиката и да го спречи стапувањето на престолот на Џемс. Умрел во прогонство во Амстердам. Негови најзначајни дела се „Оглед за човековиот разум", „Писмо за толеранцијата" и „Две расправии за владата" .

Во делото „Оглед за човековиот разум" за првпат наоѓаме директен обид да се изложат границите на разумот и видот на истражувањето што можеме да го спроведуваме. Додека рационалистите молчешкум претпоставувале дека совршеното познание, во крајна линија, може да се постигне, новиот пристап е помалку оптимистички во тој поглед. Рационализмот во целост е оптимистичко учење и до одредена мера некритичко. Од друга страна, епистемолошкото истражување на Лок е темел на критичката филозофија која е емпиристичка во два погледа.

Прво, таа не се однесува пристрасно кон досегот на човековото сознание како што правел рационализмот и второ, таа го нагласува елементот на сетилното искуство. Првиот чекор во оваа нова програма било отфрлањето на сфаќањето за вродените идеи што може да се сретне кај Декарт и Лајбниц. Според Лок, не е основано да се претпоставува дека разумот сам по себе има скриени содржини. Значи разумот почнува како неиспишан лист хартија. Она што го снабдува со духовна содржина е искуството.

Овие содржини Лок ги нарекува *идеи* употребувајќи го овој термин во многу широка смисла. Општо земено идеите се делат на два вида и тоа според својот објект. Првите се сетилни идеи (идеите на осетот, сензацијата) и се создаваат со набљудување на надворешниот свет со помош на нашите сетила. Вториот вид идеи се идеите на рефлексијата кои настануваат кога разумот се набљудува себеси. Она што е ново и карактеристично за емпиризмот е мислата дека тие се единствените извори на сознанието. Така, во текот на мислењето и на спекулацијата никогаш не можеме да ги надминеме границите на она што сме го собрале со сетилното восприемање и со размислувањето.

Понатаму Лок продолжува да ги дели идеите на прости и сложени. Тој ги нарекува идеите прости бидејќи не можат да се расчленат на делови. Сложените

идеи понатаму се делат на супстанции, модуси и релации. Релациите, како што увидел самиот Лок подоцна, не се воопшто сложен идеи во неговата смисла. Поимот нужна врска, сметал Лок, се темели врз претходна претпоставка и тој не е заснован врз искуство.

Ако идеите се сè што знаеме, никогаш не можме да знаеме дали тие му одговарале на светот на стварите. Зборовите Лок ги смета за конвенционални знаци во смисла во која идеите не се. Една од главните тешкотии во учењето за познанието на Лок е толкувањето на грешките. Формата на проблемот е точно истата како во *Теетет*, ако го замениме белиот лист хартија на Лок со кафезот на Платон а идеите со птиците.[23] Тогаш ќе изгледа дека според таквото учење никогаш не би можеле да згрешиме, но Лок обично овој вид проблем не го измачува. Неговиот практичен дух го терал да расправа за филозофските проблеми постепено, без да се соочи со задачата да постигне доследен став. Она на што најмногу се противел бил ентузијазмот кој претставува состојба на опседнатост со божествена инспирација и бил карактеристичен за религиозните движења на XVII и XVIII век. Всушност Лок го става разумот на прво место следејќи го општо распостранетото филозофско расположение на тоа време.

Истиот вид умерен емпиризам може да се сретне и во политичкото учење на Лок. Како и Хобс, така и Лок мисли дека луѓето пред постоењето на граѓанското уредување живееле во природна состојба во која владееле природните закони. Главниот мотив за општествениот договор бил, според Лок, заштитата на сопственоста. Врзувајќи се со важни договори луѓето се одрекуваат од правото да дејствуваат како единствени борци со сопствени интереси. Останува прашањето кога силата законски може да се употреби против владетелот кој не го почитува својот дел од општествениот договор. Тука судството како трета власт мора да одигра посебна улога.

Британската филозофија се надоврзува на методот на емпириското истражување во науката. Таа се занимава со множество поединечни прашања, а кога изнесува општи принципи ги проверува со непосредни докази. Емпиристичката филозофија која се темели врз утврдени факти нема да

[23] Plato, *Theaetetus*, Penguin Classics, London, 1987.

пропадне ако видиме дека некаде греши. Емпиристичката пирамида стои на својата основа и не паѓа ако од неа се извади една плоча.

Сепак, покрај општите предности на емпиристичката позиција, една од најсериозните забелешки или пропусти во учењето на Лок е неговото толкување на апстрактните идеи. Тоа е всушност обид да се фати во костец со проблемот на универзалиите што бил одложен до теоријата за познанието на Лок. [24]За овој проблем подетално ќе стане збор во следното поглавје од текстот, особено во светлината на Берклиевата критика на Локовото сфаќање за апстрактните општи идеи.

**Џорџ Беркли** (1683-1753) бил познат теолог, свештеник, и писател на филозофски текстови. Тој настојувал да го внесе теолошкиот светоглед во душата на читателите. Не го прифаќал постоењето на материјата бидејќи таа за него претставувала само глас, празно име без никаква онтолошка подлога. Неговото мислење во целост е номиналистичко.

Беркли имал англо-ирско потекло. Бил запишан на Тринити колеџот каде што подоцна бил избран за член на Советот на колеџот, што во наредните шест години му донело голема слава. Тука се истакнал пред да наврши триесет години за потоа да се посвети на други цели. По враќањето од Тринити оди во Дери и учествува во работата на формирањето на колеџот на Бермудите. За остварување на своите научни дела барал финансиска помош од Нова Англија за потоа да се врати во Лондон. Две години после тоа станува бискуп во Клојн за на крајот од својот живот да го посети Оксфорд каде што и умрел.

Основната теза на филозофијата на Беркли е тоа дека да постои нешто е исто што и да биде перцепирано. Оваа формула му изгледала толку очигледна што никогаш не успеал да им објасни на своите помалку убедени современици што сакал со неа да каже, бидејќи оваа формула, на прв поглед, е многу противречна на здравиот разум.

Џорџ Беркли вели дека филозофијата не е ништо друго туку проучување на вистината и мудроста; така, оние кои потрошиле најмногу време во изучувањето на филозофијата можат со право да живеат во спокојство и

[24] Види, Џон Лок, *Оглед за човечкиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004.

ведрина и со надеж дека ќе бидат помалку вознемирувани со сомнежи и проблеми помалкуотколку другите. Сепак, Беркли вели дека нашиот поглед при истражувањето отсекогаш го попречуваат предрасуди и сетилни заблуди, но секогаш се обидуваме да ги отстраниме со разумот. Некогаш, вели Беркли, толку сме вовлечени во парадокси и проблеми кои се множат и буквално нѐ поклопуваат се додека на крајот не откриеме дека ние сме онаму каде што сме биле на почетокот или, уште полошо, дека запаѓаме во уште поголем скептицизам. [25]

Беркли тврди дека можеби би биле премногу неправедливи кон себеси доколку изворот на грешката го наоѓаме во нашите способности наместо во нивната погрешна употреба. Беркли објаснува дека сите оние проблеми кои досега ги забавувале философите попречувајќи го патот до знаењето сосема можат да ни се припишат нам, на луѓето, затоа што, како што вели Беркли, "ние креваме прашина па се жалиме дека не можеме да гледаме".

Првото дело на Беркли е „Оглед за една нова теорија за видот". Во ова дело тој дава правилно решение на привидната загатка за тоа како ги гледаме стварите исправени иако сликата на мрежницата е превртена. Суштината е во тоа што ние гледаме со своите очи, а не одзади како на екран. Беркли понатаму ја развива теоријата за перцепцијата која темелно ги разликува видовите на она што различните сетила ни го кажуваат за своите објекти. Видните перцепции, вели тој, не се перцепции на надворешните ствари туку се прости идеи во разумот. Беркли вели дека перцепциите што настануваат со допир, иако постојат во разумот како сетилни идеи, сепак се перцепции на физички објекти, иако во своето подоцнежно дело не ја дозволува оваа разлика и вели дека сите перцепции се плод на сетилните идеи кои постојат само во разумот. Беркли го отфрла она што тој го нарекува *материјализам* бидејќи материјата едноставно е некој метафизички носител на квалитетите што ги поттикнуваат искуствата кои се духовни содржини. Самата материја не може да се искуси, па затоа е бескорисна апстракција.

---

[25] Види, Џорџ Беркли, *Расправа за принципите на човековото познание*, Зумпрес, Скопје, 1997.

Во „Принципите на човечкото познание“ објавени во 1710 година Беркли ја изнесува својата основна формула без ублажувања или отстапки: да се биде значи да се биде перцепиран. Тоа е крајниот резултат од емпиристичката позиција бидејќи сè што можеме да кажеме е дека имаме искуство од одредени осети или рефлексии кога всушност ги имаме а не во некое друго време. Да се зборува за нешто дека постои има смисла само во и низ искуствата и затоа да се биде и да се биде перцепиран е исто. Според овие теории не постојат несетилни и сетилни факти. Што се однесува до апстрактните идеи, ако воопшто се можни, тие мора да означуваат некоја реалност што не може да се искуси а тоа е спротивно на емпиризмот онака како што го формулираше Лок.

Меѓутоа Беркли не само што ги отфрла апстрактните идеи туку и целото разликување на Лок на објекти и на идеи заедно со учењето што произлегува од него – учењето за познанието како репрезентација. Имено, како можеме како доследни емпиристи, од една страна, да тврдиме дека целото искуство потекнува од сетилните идеи и од рефлексијата а од друга страна дека идеите им одговараат на објектите кои сами по себе не се познати и кои не можат да се спознаат? Ова е суштината на идеализмот на Беркли. Навистина, она што можеме да го знаеме и да зборуваме за него се духовни содржини.

Заедно со репрезентативното учење за познанието Лок смета дека зборовите се знаци за идеите. На секоја идеја и одговара нејзиниот збор и обратно. Токму ова погрешно гледиште е одговорно за учењето за апстрактните идеи. На Беркли не му било тешко да докаже дека таквото толкување не држи бидејќи она што ние го разбираме додека слушаме некого повеќе е насоченост на неговиот говор отколку некаква низа од вербални значења отсечени едни од други а потоа нанижани како гердан од мониста.

На Беркли му се чини неизбежно дека ако постои перцептивна активност тогаш мора мора да постојат и умови или духови кои ќе перцепираат. Се поставува прашањето што се случува со духот кога не е активен, односно потребно е решение за овој проблем. Неговата улога е само да обезбеди постојано постоење на умови а меѓу другото и постоење на она што го нарекуваме физички објекти. Овој дел од ставот на Беркли е најмалку значаен и

филозофски интересен. Исто така може да се каже дека човекот перцепира со својот разум но при перцепирањето не лета над него набљудувајќи го.

Токму како што не ги набљудуваме нашите очи така не го набљудуваме ни својот разум; како што е ретко потребно да кажеме дека го гледаме она што е на мрежницата така ретко треба да кажеме дека го перцепираме она што е во духот. Во своето дело „Расправа за принципите на човековото познание", во воведот Беркли вели дека е склон да мисли дека поголемиот дел од тешкотиите, па дури и сите тешкотии кои сега ги окупирале филозофите и му го попречувале патот на познанието се само поради нас самите. Токму во воведот од ова Берклиево дело се сконцентрирани анализите значајни за проблематиката на јазикот, во кои тој се спротивставува на Локовото учење за апстрактните општи идеи.

## 4. СПЕЦИФИЧНИТЕ СФАЌАЊА ЗА ЈАЗИКОТ И НЕГОВАТА ДВОЈНА ПРИРОДА КАЈ АНГЛИСКИТЕ ЕМПИРИСТИ

### 4.1. Френсис Бекон: јазикот и идолите на плоштадот (пазарот)

Како што беше споменато во претходното поглавје, идеите на Бекон значајни за неговото сфаќање за јазикот се концентрирани во неговото учење за идолите, односно заблудите и лажните поими што го попречуваат непристрасното трагање по вистината.[26]

Бекон тврди дека постојат четири вида на идоли или заблуди.

Првиот вид на идоли или заблуди се идолите на племето - заблудите кои ги опфаќаат сите луѓе и кои се состојат во нивното погрешно разбирање за светот. Според оваа заблуда сите работи кои се случуваат во светот, животот, се одмеруваат според стандардот на човечките сетила. Оптоварен со овој вид идоли човечкиот ум, според Бекон, наликува на искривено огледало кое своите сопствени својства им ги придава на објектите од кои се емитираат зраците и дава нереална слика за овие објекти.

Вториот вид се идолите на пештерата - заблуди кои важат за поединецот или, како што вели Бекон, лични заблуди кои произлегуваат од фактот што секој поединец е затворен во својата лична „пештера " која ја искривува и замрачува природната светлина.

Кај луѓето се случува да се појави оваа заблуда како резултат на настаните во личниот живот читањето на определени книги, влијанието на авторитетите, лично мислење итн.

Со еден збор, кај луѓето секогаш постоеле лични заблуди. Зборувајќи за овој вид идоли Бекон ги наведува зборовите на познатиот антички филозоф Хераклит кој рекол: „Луѓето бараат знаење во помалите светови а не во поголемите и заедничките."

[26] Види, Френсис Бекон, *Нов Органон*, Аз-Буки, Скопје, 2006, втор дел, стр. 35-70.

Третиот вид идоли или заблуди се идолите на плоштадот (пазарот), заблуди кои ги имаат луѓето поради врската помеѓу зборовите и имињата. Зборовите, според Бекон, потполно владеат со разумот и предизвикуваат збрканост произведувајќи разни препирки и измислици.

Најпосле, четвртиот вид идоли или заблуди се идолите на театарот - идоли што произлегуваат од различните филозофски теории за светот. Според Бекон, идолите од овој вид продираат во човековиот ум како резултат на различните догми на филозофските системи. Овие системи можат да се третираат како различни театарски претстави што се изведуваат на сцена создавајќи фиктивни театарски светови.

Како што може да се забележи од Беконовото изложување на сфаќањата за идолите, најзначајни за проучувањето на проблематиката на јазикот се идолите од третиот вид – идолите на пазарот кои тој ги смета за најпроблематични од сите.

Бекон е свесен дека луѓето веруваат во тоа дека човечкиот разум управува со зборовите но го потенцира фактот дека и зборовите влијаат врз расудувањето во голема мера. Следствено на овие негови размислувања дошол до констатација дека зборовите се формираат и применуваат онака како што мнозинството луѓе тоа го разбираат.

Често пати се случува да доаѓа до расправии меѓу одредена група на луѓе за определени апстрактни прашања но тие завршуваат во дискусии околу зборовите и имињата, иако, според Бекон, би било подобро да започнуваат со ваков вид расправии, како што тоа го прават математичарите кои ги решаваат проблемите со дефинирањето.

Како и да е, Бекон бил свесен дека ни дефинициите не можат да го решат овој проблем бидејќи и дефинициите се составени од зборови, а тие зборови се зачеток на други зборови и така натаму, а она што е потребно за разрешување на спорот е повикувањето на самите нешта, на нивните индивидуални случаи .

Во објаснувањето на Бекон стои една констатација дека постојат два вида идоли кои преку зборовите се всадуваат во нашиот разум. Од една страна, тоа се имињата на некои нешта кои не постојат а од друга страна, пак, имаме

зборови за нешта кои постојат но кои не се доволно објаснети или не е посветено доволно внимание на самиот начин на нивното образување. Имено, тој тип зборови се збркани, погрешно дефинирани или пребрзо и невнимателно дефинирани со апстрахирање од реалноста.

Кога ги објаснува овие два вида на зборови Бекон за првиот вид зборови како на пример „судбина",„двигател" и слични на нив вели дека лесно можат да се искоренат, да се отфрлат, односно да не се применуваат застарените теории од кои потекнуваат овие зборови.

За вториот вид на зборови, пак, ситуацијата е посложена. Бекон вели дека нивното значење е проблематично затоа што поимите што тие ги означуваат не се образувани на исправен начин. Во врска со овие зборови кои се замрсени и збркани Бекон го земал за пример зборот *влажно* за да утврди дали има и колку такви поими има кои се слични по своето значење, дали се сложуваат помеѓу себе или дали тој збор може да има постојано значење и др.

Според Бекон, со зборот *влажно* се означува нешто што е лесно, што се става во движење, лесно се пропушта, лесно се лепи, или пак може да се трансформира од тврда во течна состојба. Следствено на овие размислувања на Бекон огнот, ситниот прав, стаклото, воздухот, сите овие нешта се влажни. Веднаш можеме да констатираме дека овие размислувања се изведени од водата или од другите обични течности без да се направи потребната анализа и проверка за точноста на поимите. Кога добро ќе ги анализираме размислувањата на Бекон очигледно е дека во одредени зборови има извесен степен на изобличување и грешки во објаснувањето на поимите .

Кога зборува за имињата на супстанциите извесно е дека се прават помалку грешки, но факт е дека некои полесно а некои пак потешко се објаснуваат. Бекон лесно ги објаснува поимите *кал*, *креда*, *тешко*, *лесно*, *густо*, *ретко*, бидејќи тие се составен дел на нашата перцепција, за разлика од поимите како што се: *земја*, *создавање*, *расипување*, *изменување*, бидејќи не се во опсегот на дејствувањето на човековите сетила.

Како што можеме да видиме од овие размислувања на Бекон, тој ги потенцира негативните аспекти од употребата на јазикот, сфатен како извор на

заблудите поврзани со имињата за непостојните нешта или за нештата што не се соодветно дефинирани. Самите зборови, според него, придонесуваат за грешките и изобличувањата во објаснувањето на поимите и го попречуваат трагањето по вистината. Според тоа, со адекватна примена на индуктивниот метод и правилно образување на поимите заблудите, идолите што потекнуваат од јазикот би можеле да се искоренат.

4. 2. Хобс: употребата и злоупотребата на јазикот

Четвртото поглавје од првиот дел на своето дело „Левитијан", кој носи наслов „За човекот", Хобс му го посветува на проблемот на говорот.[27] Тој истакнува дека не е познато кој е изумителот на буквите, но го прифаќа гледиштето дека во Грција буквите прв ги донел Кадмо, синот на Агенор, кралот на Феникија.

Според Хобс, најкорисен изум во минатото бил јазикот кој се состои од имиња или називи и од нивните врски, благодарение на кој луѓето ги бележат своите мисли, се потсетуваат и комуницираат заради заемна корист и разговор.

Без јазик не би имале ни држава ни општество ништо повеќе отколку лавовите волците или мечките. Хобс смета дека јазикот прв го создал Бог кој го научил Адама како да го именува секое суштество кое му го покажува. Врз основа на тие принципи на именувањето Адам понатаму создавал нови имиња на суштества со кои се среќавал и така постепено го развил човечкиот јазик.

Сепак, Хобс подвлекува дека таа форма на јазикот не била доволно богата за да ги задоволи потребите на филозофите и ораторите бидејќи од Светото писмо не доаѓаме до заклучок дека на Адам му биле соопштени сите имиња на фигурите звуците, бројките, боите или, уште помалку, имињата како што се *општо, посебно, потврдно, одречно, прашално, изборно, неодредено*, а најмалку зборовите *ентитет, интенционалност*, и слични зборови кои ги употребувале схоластичарите.

Но овој првобитен јазик кој Адам го добил и го зголемил преку сопствената дејност и дејноста на своите потомци се изгубил при пропаста на Вавилонската кула со која луѓето биле казнети за својата непослушност и принудени да го заборават некогашниот заеднички јазик.

Тие се распрснале насекаде низ светот и мноштвото јазици кои денес ги имаме постепено се развило под влијание на различните животни потреби и со време дополнително се умножило.

[27] Види во делот за човекот од Хобсовото дело *Левијатан*, стр. 260-290.

Во поглед на употребата на јазикот Хобс разликува една главна и четири посебни употреби на јазикот.

Главната употреба на јазикот, според Хобс, се состои во тоа умствениот говор да се пренесе во вербален или мислите да се претопат во зборови. Тоа се прави заради две цели: од една страна, за да ги забележиме нашите сопствени мисли, и од друга страна за да им ги соопштиме нашите мисли и чувства на другите луѓе.

Четирите посебни употреби на јазикот според Хобс се следниве:

1. Стекнување знаења и вештини;

2. Соопштување и размена на знаења со другите луѓе;

3. Соопштување на другите луѓе на нашите намери и цели и пружање заемна помош.

4.Користење на зборовите за забава, задоволство и разонода.

Соодветно на споменатите употреби на говорот Хобс разликува и четири злоупотреби на говорот:

Првата злоупотреба на говорот се состои во тоа што е луѓето погрешно ги бележат своите мисли, грешат во означувањето на нештата, односно преку зборовите го бележат она што не го разбираат и така самите себеси се доведуваат во заблуда.

Втората злоупотреба се јавува кога зборуваме метафорички или со преносно значење; тогаш зборовите ги употребуваме во поинаква смисла од вообичаената и ги мамиме другите луѓе.

Третата злоупотреба се состои во тоа што со зборовите луѓето честопати искажуваат нешто што навидум ја изразува нивната волја, но што во суштина не е така.

И на крајот, четвртата злоупотреба се состои во тоа што луѓето зборовите ги користат за меѓусебно да си наштетат себеси.

Во рамките на своето сфаќање за јазикот Хобс ја вклучува и поделбата на имињата на лични, општи и универзални.

Личните имиња му припаѓаат само на едно нешто, како на пример, Петар, Јован, овој човек, тоа дрво.

Општите имиња им припаѓаат на повеќе нешта како „човек", „коњ" „дрво" додека универзалните не потсетуваат на кое било нешто бидејќи именуваните нешта се сите индивидуални и единечни. Според Хобс, единствените универзални нешта кои постојат на светот се имињата, што значи дека тој застапува номиналистичко гледиште во поглед на прашањето за универзалиите.

Од универзалните имиња некои имаат поширок обем, а некои помал обем; некои имаат ист обем, односно заемно се содржат. На пример, името *тело* има пошироко значење од зборот *човек* додека зборовите *човек* и *разумен* имаат еднаков обем и меѓусебно се опфаќаат.

Хобс исто така потенцира дека кога нема говор нема вистина ни лага. Вистинитоста и лажноста, потенцира тој, се атрибути на говорот, а не на нештата. Вистинити и лажни искази се добиваат кога две имиња се поврзуваат во тврдење или следство, како на пример „Човекот е живо суштество" или „Доколку некој е човек, тогаш тој е живо суштество". Кога очекуваме да се случи нешто што нема да се случи или претпоставуваме дека се случило нешто што всушност се нема случено, може да западнеме во заблуда но не можеме да бидеме обвинети за лажно тврдење.

Бидејќи вистината се состои во правилното подредување на имиња во нашите тврдења и оној што ја бара вистинитоста мора да има на ум дека некое име што се користи треба да го користи за именување токму на она нешто за кое тоа име стои.

Следствено, оној кој настојува да стекне вистинско знаење треба да ги испита дефинициите на претходните автори или да ги коригира доколку не се образувани на соодветен начин, или самиот да образува исправни дефиниции пред да се стават зборовите во употреба. Секогаш кога зборуваме за правилна употреба на јазикот зборуваме за правилно дефинирање за да нема лажни и

бесмислени учења. Незнаењето, според Хобс, се наоѓа на средината помеѓу вистинската наука и лажните учења .

Според Хобс, можеме да заклучиме дека колку луѓето се јазички побогати толку се помудри.

Хобс во своето размислување практично им дава двојно значење или врши споредба на некои зборови, како на пример: на зборот *живо* тој му ја припишува промената во живот, на придвижено во движење, на топлото во топлина на долгото во должина и друго. Сите овис зборови се разликуваат во своите својства едни од други, но претставуваат апстрактни имиња.

Хобс ги зема во предвид и својствата на нашите тела благодарение на кои сме способни да правиме разлика помеѓу нештата. Така на пример, кога гледаме некое тело, го перципираме само телото и ја имаме визијата во нашата свест. Кога слушаме нешто го земаме во предвид само звукот што го перцепираме преку нашето сетило за слух. Така се образуваат имињата на претставите.

Хобс во своето размислување зборува и за имиња на имиња како на пример:, *општо*, *универзално* и имиња на говорни форми, како на пример *тврдење*, *заповед,прашање*, *раскажување*, и др. Сите овие имиња спаѓаат во групата на позитивни имиња кои се користат во обележувањето на нешто што постои во природата на човекот, вели Хобс.

Според Хобс, постојат и негативни имиња бидејќи со тие зборови не се означува ништо. На пример: *ништо*, *никој*, *бескрајно*, *неподучливо*. Овие имиња, според Хобс, иако не се имиња на нешто, иако се негативни, ќе ни користат за да ги отфрлиме неправилно користените имиња.

Хобс разликува уште една категорија на имиња. Тоа се имињата без значење.

Тој за оваа категорија на зборови вели дека тоа се имиња на кои не им е објаснето значењето со дефиниции и имиња на зборови кои се недоследни и противречни. Такви се, на пример, зборовите: *нетелесно тело*, *нетелесна супстанција*, и други. Ако едно тврдење е лажно, двете имиња од кои е

составено тоа тврдење споени во едно не означуваат ништо, вели Хобс. Пример: тврдењето дека четириаголникот е тркалезен претставува лажно тврдење; следствено на ова, зборот *тркалезен четириаголник* претставува само звук.

Хобс во својата анализа зборува и за поимот *разбирање* и вели дека кога некој човек ќе слушне некој говор и во него ќе се јават мисли за чие означување биле наменети тие зборови, велиме дека тој човек разбира што говори говорникот а разбирањето е поттикнато од поимањето на говорот.

Во размислувањата на Хобс среќаваме зборови кои имаат непостојано значење и нив ги нарекуваме непостојани зборови. Такви се имињата на доблестите и пороците. Ако еден човек нешто нарекува *мудрост* друг човек истото тоа може да го нарекува *страв*; или, на пример, она што некој го означува со зборот *правда* друг човек може да претставува суровост. Затоа Хобс за оваа категорија на имиња тврди дека не може да бидат основа за било какво објаснување; тие се слични на метафорите, но се поопасни од нив, бидејќи, за разлика од обичните метафори, не ја откриваат лесно својата непостојаност.

Како што покажаа претходните анализи, Хобс јасно ја согледува важноста на јазикот како средство за стекнување и пренесување знаења и вештини, комуникација со другите луѓе, забава и разонода, но исто така е свесен и за големите опасности што произлегуваат од злоупотребата на јазикот, како што се доведување на себеси и на другите луѓе во заблуда, манипулирање и наштетување на соговорниците, како и ширење на погрешни сфаќања и учења. Затоа, според него, од големо значење е правилното дефинирање на зборовите пред тие да се стават во употреба, за да се елиминира опасноста од лажни и конфузни учења што понатаму би се ширеле со посредство на јазикот.

4.3. Беркли: Критика на учењето за апстрактните општи идеи

Во своето главно дело, „Расправа за принципите на човековото познание", Беркли тврди дека неговата заложба е да се обиде, ако може, да открие кои се тие принципи што ја вовеле сета сомничавост и неизвесност, сите апсурдности и противречности со кои се соочуваат повеќето филозофски школи, дотаму што најмудрите луѓе мислат дека нема лек за нашето незнаење сметајќи дека тоа произлегува од природната тапост и ограниченост на нашите способности.

Колку овој обид и да се чини тежок и обесхрабрувачки кога ќе се помисли колку славни и исклучителни луѓе имаат преземено слични потфати без соодветен успех, објаснува Беркли, сепак надежта не треба да не напушта, имајќи предвид дека погледите со најголем дострел не се секогаш најбистри и најцелосни. Беркли го дава примерот со кусогледиот човек кој е присилен да го доближи објектот така што ќе го распознае она што не го забележале и далеку подобри очи.

Овие размислувања на Беркли служат како вовед во изложувањето на неговата концепција за иматеријализмот, односно сензуалистичката варијанта на екстемниот емпиризам заснован врз принципот „esse est percipi" како основа на неговата филозофија. Според теоријата на Беркли, не постои такво нешто како „материјална супстанција"; она што вообичаено го третираме како материјални објекти (како, на пример, маси, столови, дрвја, куќи, итн) се всушност идеи во умовите на оние што ги перципираат; следствено, тие не можат да постојат без да бидат перципирани.

Така, според сфаќањето на Беркли, човековото познание се состои од два елемента: умови и идеи. Идеите се она што е перципирано од стана на умовите, додека самите умови не можат да бидат перципирани. Умот на определена личност се сфаќа на интуитивен начин, преку внатрешното чувсто или рефлексија. За постоењето на други умови дознаваме единствено преку нивното дејствување, односно преку идеите што тие ги предизвикуваат во нас.

Најпосле, според Беркли, поредокот и целесообразноста на целокупноста на нашето искуство за светот и за природата нè насочуваат кон тоа да поверуваме во постоењето на исклучително моќен, врховен ум кој го создава тој поредок, а таквиот ум е всушност Бог. Оттаму, според Беркли, она што го нарекуваме материјален свет, односно целокупност од материјални објекти се состои всушност од специфично организирани комплекси од осети (облик, боја, вкус, мирис, физички својства) што се втиснати во сетилата на луѓето од страна на Бог, односно од идеи предизвикани во човечките умови од страна на Божјиот ум.

Во контекст на Берклиевото изложување на концепцијата на иматеријализмот важна улога има и неговата критика на концептот на апстракцијата, а особено на учењето за апстрактните општи идеи, развиено од страна на Џон Лок. Според Беркли, погрешното сфаќање дека нашиот ум е способен да образува апстрактни идеи лежи во основата на голем број заблуди кои го попречуваат вистинското филозофско познание на светот. Затоа, заклучува Беркли, за да се подготви умот на читателот за полесно сфаќање на концепцијата што тој ја изложува во делото „Расправа за принципите на човековото познание" препорачливо е прво да се објасни врската на познанието со природата на јазикот, а особено со неговата злоупотреба.[28]

Беркли го објаснува вообичаеното сфаќање за процесот на апстракцијата на следниов начин: вели дека е во состојба да го разгледува секој квалитет поединечно или апстрахиран, односно издвоен од оние други квалитети со кои е здружен и на овој начин си образува себеси апстрактни идеи. Беркли го дава примерот со помош на видот: да претпоставиме дека од страна на некој човек е забележан еден, обоен и подвижен објект, кој потоа умот го расчленува на неговите едноставни конститутивни делови и набљудувајќи го секој посебно, исклучувајќи ги останатите особености на тој објект, ги образува апстрактните идеи што ги перцепира како што се: просторност, боја и движење.

Тука не се работи за можноста бојата или движењето да постојат без просторноста, туку едноставно за можноста умот со помош на апстракцијата

[28] Види, Џорџ Беркли. *Расправа за принципите на човечкото познание*, Зумпрес, Скопје, 1997, стр. 75-99.

(издвојувањето) да си ја образува идејата за боја исклучувајќи ја просторноста и движењето, а во друг случај, идејата за движењето исклучувајќи ги и бојата и просторноста.

Примерот што го дава Беркли се однесува на разгледување на движењето на едно живо суштество, во овој случај на некој човек, издвоено не само од телото кое се движи туку и од другите особини што ги има тоа суштество како што се: насока на движење, брзина и слично, така што се образува апстрактна идеја на движење која подеднакво им одговара на сите посебни движења кои нашите сетила можат да ги перципираат. Понатаму Беркли во својата анализа го дава и примерот со индивидуите Питер, Џејмс и Џон, велејќи дека откако умот ќе забележи дека Питер, Џејмс и Џон имаат одредени заеднички црти, во останатите анализи ги изостава сите особини и сè она што е посебно за сите нив, а го задржува само она што им е заедничко на сите, создавајќи една апстрактна идеја во која сите поединечни нешта подеднакво учествуваат издвојувајќи ги и изолирајќи ги сите други околности и разлики. Се вели дека на овој начин доаѓаме до апстрактната идеја за човекот или за човештвото; така, на пример, секој човек има боја, без разлика дали е тоа бела, црна или жолта, односно нема човек кој нема некаква боја; но бојата на човекот воопшто, сфатен како апстрактна идеја, не може да биде ни бела, ни црна, ни жолта, ниту некоја посебна боја. Потоа, кога зборуваме за растот на човекот воопшто, велиме дека тој, не може да биде ниту висок, ниту низок, ниту среден, туку некој издвоен, апстрахиран од нив. Во сличен дух, се доаѓа до констатацијата дека умот, изоставајќи ги оние делови што се особини исклучиво на луѓето а задржувајќи ги само оние што им се заеднички на сите животни, ја образува идејата за животно - идеја која е апстрахирана не само од сите поединечни луѓе туку, исто така, и од сите животни. Каков е ставот на Беркли кон вака опишаниот процес на апстрахирање и создавање на апстрактни општи идеи, како идејата за човек, животно, живо суштество итн.?

Од една страна, самиот Беркли вели дека тој, навистина, е во состојба да апстрахира кога согледува некои поединечни делови или квалитети издвоени едни од други кои, иако реално постојат здружени во некој објект, сепак е можно да постојат и без него.

Но Беркли тврди дека тој не може да ги апстрахира еден од друг или да ги согледува одвоено оние квалитети кои воопшто не можат да постојат на тој начин одвоени, односно не може да си образува некаква општа замисла апстрахирајќи се од поединечностите на погоре споменатиот начин на апстракцијата. Од тоа произлегува дека Беркли воопшто не се согласува со начинот на кој вообичаено се објаснува процесот на образување на апстрактни општи идеи. Тој оправдано укажува дека апстрактните општи идеи се создадени заради именување, од што јасно следува дека кога би немало такви нешта како говорот или универзалните знаци никогаш не би имало никаква помисла за апстракција. Всушност, Беркли воопшто не го негира постоењето на општи идеи, како што се човек, животно, триаголник итн., затоа што е свесен дека во процесот на познанието и комуникацијата не е можно секое поединечно нешто да се означи со поединечно, само за него својствено име. Но тој остро се спротивставува на гледиштето што, меѓу другите, го застапува и Лок, дека постојат апстрактни општи идеи, односно дека идејата станува општа по пат на апстракција од поединечните нешта. Алтернативното објаснување што Беркли го дава се состои во тоа дека една идеја станува општа на тој начин што функционира како знак или репрезент за сите други поединечни идеи што се слични на неа. Значи, таа ја задржува својата поединечност, но истовремено ги претставува и сите други поединечни идеи слични на неа, и тоа на индиферентен начин, без воспоставување дистинкции помеѓу нив. На пример, во еден математички доказ што математичарот го изведува служејќи се со триаголник нацртан на табла, тој користи една поединечна идеја за триаголник, триаголник кој мора да има конкретна структура на аглите, конкретна должина и дебелина на страните итн., но заклучоците што ги изведува важат универзално токму затоа што за целите на доказот тој поединечен триаголник ги претставува сите други поединечни триаголници што постоеле и што ќе постојат. Доколку се обидеме на поинаков начин да ја објасниме универзалноста на конкретниот математички доказ, вели Беркли мора или посебно да го докажуваме неговото важење за секој поединечен триаголник што е невозможно, или еднаш засекогаш да докажеме дека важи за апстрактната идеја на триаголникот во кој сите поединечности имаат подеднакво значење и со кој сите тие се подеднакво претставени, што, според Беркли, е исто така неприфатливо.

За да ја појасни суштината на својата критика на апстрактните општи идеи Беркли вели дека, на пример, ако кажеме „Промената на движењето е пропорционална со дадената сила" тоа не значи дека овие зборови во мојот ум на моите мисли им сугерираат идеја за движење без определена насока и брзина или дека треба да добиеме претстава за некоја општа апстрактна идеја на просторност. Единствено што се претполага е тоа што без оглед на тоа за какво движење зборуваме или имаме предвид, дали е брзо или бавно, вертикално, хоризонтално или закривено, аксиомата што е искажана за движењето е подеднакво вистинита.

Освен тоа, Беркли смета дека процесот на апстракција, онака како што вообичаено се опишува, е мошне комплексен и тежок за изведување, па според тоа најапстрактните и најопштите идеи не се оние идеи кои умот најлесно ги стекнува ниту пак му се блиски на неговото првобитно знаење. Следствено на досега споменатото мислење за апстрактните идеи, Беркли доаѓа до мислење дека апстрактните идеи не се нужни за знаењето и за комуникацијата.

Следното прашање што Беркли настојува да го проучи е испитување на начинот на кој зборовите придонесуваат за погрешното верување во постоењето на апстрактните општи идеи. Според Беркли, на почетокот беше сметано дека секое име има или би требало да има само едно прецизно и востановено значење. Меѓутоа, како што покажа анализата на Беркли, не постои едно прецизно и одредено значење за било кој поим припоено кон некое општо име, бидејќи сите општи имиња безразлично означуваат голем број поединечни идеи. На пример, објаснува Беркли, ако сакаме да го дефинираме триаголникот како рамна површина опфатена со три прави агли, со таа дефиниција се денотира само една позната идеја, но тука не се кажува дали таа површина е рамна, дали е мала, црна или бела, дали страните се куси или долги итн, така што следствено на ова се доаѓа до заклучок дека не постои една единствена востановена идеја за значењето на зборот триаголник. Следствено на ова, Беркли тврди дека едно нешто е една општа идеја или, во овој случај, еден општ поим или предмет да е поврзан со иста дефиниција, но сосема друго нешто е да се направи тој поим да застапува иста идеја; првото, според Беркли е неопходно, а второто е сосем бесполезно.

Беркли, исто така, се спротивставува и на широко распространетото гледиште дека приопштувањето на идеите означени со зборови е главна и единствена цел на јазикот. Тој потенцира дека постојат и други цели како што се поттикнување чувства, наведување или одвраќање од дејствување, доведување на умот во некоја посебна расположба, и друго. Во секојдневната комуникација често пати се случува при читање или при слушање на некој говор да се појави чувство на страв, љубов, омраза, восхит, без притоа какви и да било идеи да да се појават како посредници помеѓу зборовите на говорникот и чувствата на слушателот. Тоа, според Беркли, претставува аргумент против гледиштето дека главната цел на зборовите е да ги означуваат идеите, а особено апстрактните општи идеи, како што сметаше Лок. Следствено, заокружувајќи ја дискусијата за односот на јазикот и познанието во Воведот од Расправата за принципите на човековото познание, Беркли го вели следново:

> Оној кој знае дека има единствено *поединечни* идеи не би трошел сопственото време обидувајќи се да ја сфати апстрактната идеја што оди со секое име. А оној кој знае дека имињата не стојат секогаш за идеи би се поштедил себеси од напорот да бара идеи таму каде што не можат да се најдат. Затоа пожелно е секој да се обиде, колку повеќе може, да стекне јасен увид во идеите што сака да ги разгледа, одвојувајќи ги од прекривката и хаосот на зборовите кои во толку голема мера ја заслепуваат нашата моќ за расудување и го распрснуваат нашето внимание.[29]

Следствено, затоа што зборовите имаат огромно влијание врз нашите мисли, Беркли смета дека кога сакаме да разгледаме која и да било идеја, треба нea да ја земеме во чиста и соголена форма, одвојувајќи ја, колку што е тоа можно, од името со кое таа е поврзана преку долга и постојана употреба. Со тоа, смета тој, би се здобиле со следниве три предности:

- Би ги расветлиле сите чисто вербални спорови, кои како вид троскот во речиси сите гранки на знаењето го пропречуваат растот на вистинитото и образложено знаење;

[29] Џорџ Беркли, Расправа за принципите на човечкото познание, Зумпрес, Скопје, 1997, стр.29.

- Би се отплеткале од суптилната мрежа на апстрактните идеи, која на подмолен начин ги сплеткува и сматува умовите на луѓето, особено на оние што се надарени и истражувачки настроени

- Би биле сигурни дека сè додека ги ограничуваме нашите мисли на нашите сопствени идеи, ослободени од зборовите, не можеме да западнеме во грешка и заблуда; имено, објектите што ги разгледуваме ќе бидат единствено оние што ги знаеме јасно и адекватно; нема да можеме да погрешиме сметајќи дека имаме некоја идеја што реално ја немаме, или замислувајќи дека нашите сопствени идеи се слични една на друга кога тие, во суштина, не се такви, бидејќи за да видиме како нашите идеи се согласуваат или не се согласуваат меѓусебно, и за да видиме кои идеи се вклучени, а кои не се вклучени во која и да било сложена идеја, сè што е потребно е да обрнеме внимание на тоа што се случува во нашиот сопствен ум.

Како што може да се види од изнесените ставови на Беркли, тој го нагласува првенствено негативниот аспект на јазикот и неговата вообичаена употреба, сметајќи го како пречка на патот на вистинското познание. Неговата главна забелешка се состои во тоа што смета дека зборовите го поттикнуваат и зацврстуваат погрешното верување во постоењето на апстрактни идеи, за кои се смета дека го претставуваат самото значење на зборовите. Затоа, Беркли смета дека кога ги разгледуваме идеите во нашиот ум нив треба да ги земеме во чиста форма, одвоени од зборовите и од нивното штетно влијание. Со неговото алтернативно објаснување за начинот на кој една идеја станува општа настојува да покаже дека апстракцијата не е единствениот начин на кој се доаѓа до нивото на општоста во јазикот.

4.4. Лок: Зборовите како знаци за идеите

Од сите споменати емпиристички мислители Џон Лок е оној во чие дело среќаваме најобемни и најдетални размислувања за проблемот на јазикот. Всушност, целата трета книга од неговото капитално дело *Оглед за човековиот разум* е посветена токму на проблематиката на зборовите, нивната употреба и злоупотреба. Затоа на анализата на ставовите на Лок ќе  биде посветено најголемо внимание во рамките на овој труд. Исто така, за целосно да се разберат ставовите на Лок во поглед на јазикот потребно е најнапред да се анализираат основните принципи на неговата теорија на познанието, изложени во првите две книги од споменатото дело. [30]

На почетокот од *Огледот за човековиот разум* Лок вели дека негова цел е да ги испита потеклото, сигурноста и досегот на човечкото знаење, заедно со основите и степените на верувањето, мнението и согласноста.

За да можеме да ја реализираме целта на нашето истражување, односно да го анализираме Локовото сфаќање за јазикот, треба да ги објасниме и протолкуваме клучните термини што ги употребува Лок во првите две книги од неговото капитално дело. За почеток, што означува зборот идеја?

Според Лок, овој термин служи за означување на сè она што е предмет на мислењето, сето она со што е окупиран умот на човекот додека мисли. Идеите можат да се изразат со различни зборови, како што се, на пример, *белина, тежина, слатко, мислење, движење, човек, слон, армија, пијанство* итн.

[30] Џон Лок *Оглед за човековиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр. 53-134.

Сетилата отпрвин воспримаат единечни идеи; тие се сместуваат во помнењето и добиваат имиња, објаснува Лок, а подоцна духот оди понатаму, ги апстрахира и постепено учи да ги ползува општите имиња.

Според него, покажаниот пат како стасуваме до било кое знаење е доволен за да докаже дека тоа не е вродено (како што сметаат рационалистичките мислители), а луѓето само со користење на нивните природни способности можат да стасаат до сето знаење што го имаат без помош од било какви вродени впечатоци. Лок вели дека способноста е вродена, а знаењето е стекнато.

Лок умот го сфаќа како изведување на непознати вистини од принципите или ставовите што веќе ги знаеме, и тврди дека никогаш не треба да се смета за вродено она што разумот допрва треба да го открие.

Бидејќи секој човек е свесен дека мисли и дека она со што се занимава неговиот дух додека мисли се идеите, на прво место треба да се испита како човекот доаѓа до нив, вели Лок. Сите идеи доаѓаат од осетот или од рефлексијата. Нашето набљудување се применува или врз надворешни сетилни предмети или се занимава со внатрешните операции на нашиот дух воспримени од нас; тоа е она што го исполнува нашиот разум со сите материјали на мислењето.

Идеите Лок ги дели на прости и сложени.

Простите идеи го сочинуваат материјалот на сето наше познание: тоа се оние идеи што се едноставни по својата структура и не можат да се разложат на други, попрости идеи; самиот ум нив не може ниту да ги создаде ниту да ги уништи.

Примери за таков вид идеи се боите – црвена, жолта, зелена итн.; звуците, вкусовите, мирисите; топло, студено, итн; идејата за перцепција, идејата за волја, идејата за задоволство, идејата за болка итн.

Човекот јасно и разделно ги восприема простите идеи кои, бидејќи не се составени од други идеи, не можат да се разделат на различни идеи. Кога разумот е еднаш снабден со тие прости идеи тој има моќ да повторува и да ги поврзува тие идеи со речиси бескрајна разновидност и така може по волја да прави нови сложени идеи.

Некои идеи на осетот добиваме само со помош на едно сетило – на пример, боите, вкусовите, звуците итн., што ги добиваме, соодветно, преку сетилото за вид, вкус, слух итн, а други идеи добиваме со повеќе од едно сетило.

Идеите што ги добиваме со повеќе од едно сетило се идеите на просторот или протежноста, формата, мирувањето и движењето.

Од рефлексијата, пак, ги добиваме идејата на перцепцијата и идејата на вољата. Перцепцијата е првата проста идеја на рефлексијата. Перцепцијата настанува само кога духот ќе добие впечаток. Што претставува перцепцијата секој најдобро ќе разбере ако размисли што прави кога гледа, слуша, чувствува или мисли, вели Лок. Волјата, пак, тој ја определува како моќ да посакуваме определени нешта.

При примањето на простите идеи умот е главно пасивен; сепак, тој има моќ од овие прости идеи да образува сложени идеи со комбинирање на неколку прости идеи во една сложена идеја.

Сложените идеи се оние што духот ги образува од простите идеи со помош на следниве моќи:.

- Комбинирање на повеќе прости идеи во една сложена;
- Доведување на две идеи во врска;
- Одделување на една идеја од сите други.

Иако бројот на сложените идеи е бесконечен, тие можат да бидат сведени во три групи:

1) Модуси

2) Супстанции

3) Релации

Под модуси Лок ги подразбира оние сложени идеи кои, независно како се составени, не ја содржат во себе претпоставката за самостојно постоење, туку се сметаат како зависни од супстанциите или како последица од влијанието на супстанциите. Такви се идеите што се означуваат со зборовите: број, триаголник, благодарност, убиство, убавина, итн. Тука Лок прави разлика помеѓу т.н. прости модуси - сложени идеи кај кои сите составни делови се варијации или комбинации од една проста идеја (на пример, таков модус е бројот, бидејќи тој е конструиран само врз основа на идејата за единството) и т.н. мешани модуси. Мешани модуси се сложени идеи што се составени од делови што вклучуваат неколку различни прости идеи, честопати изведени од различни извори на искуството. Од овој тип се нашите концепти за човечките активности, а особено оние што се подложни на регулирање од страна на законот - на пр. убиство, напад итн. Тие ги вклучуваат не само идеите на осетот кои ги опшуваат надворешно видливите дејства, туку и идеите на рефлексијата кои се однесуваат на намерата со која таквите дејства се извршени.

Супстанции, според Лок, се сложените идеи што се означуваат со зборовите од следниов вид: *човек*, *коњ*, *злато*, *вода*, *железо* итн. Овие сложени идеи се образуваат на таков начин што ние забележуваме дека определени прости идеи секогаш одат заедно и претпоставуваме дека тие му припаѓаат на едно нешто, на некоја заедничка основа одкоја произлегуваат и која ја нарекуваме „супстанција". На пример, забележуваме дека кај определени нешта секогаш заедно одат жолтата боја, сјајот, цврстината, растворливоста во „царска вода" итн., и сметаме дека основа на тие својства е определена супстанција која ја нарекуваме „злато".

Супстанциите можат да бидат поединечни или колективни. И кај супстанциите постојат два вида идеи. Први се единечните супстанции, како што се еден човек или една овца, а друг вид на супстанции се идеите за повеќе единечни супстанции здружени заедно, како што се армијата од луѓе или стадото овци. Последниот вид сложени идеи се таканаречените релации, кои што се состојат во разгледување и споредување на една идеја со друга.

Релациите се сложени идеи што се образуваат на тој начин што умот доведува во врска две различни нешта и ги согледува едновремено, но сепак ги смета за различни едно од друго. На пример, зборовите „сопруг", „поцрн од" итн., означуваат релации, затоа што во овој случај едно нешто мораме да доведеме во врска со нешто друго за да ја воспоставиме релацијата.

Поаѓајќи од овие ставови, во третата книга на *Огледот за човековиот разум* Лок детално ги изложува своите сфаќања за јазикот, што ќе бидат предмет на подетална анализа.[31]

Од општите сознанија што тој ги има стекнато за јазикот произлегува дека луѓето како општествени суштества се способни да комуницираат, имаат потреба од дружење и произведуваат артикулирани звуци со кои можат да ја создадат општата врска во заедницата. Според Лок, со формирањето на артикулирани звуци настануваат зборовите, но сепак, самото произведување артикулирани звуци, за што се способни и животните, не е доволно за настанување на јазикот. Човекот треба да биде способен да ги употребува тие артикулирани звуци со што ќе ги искажува неговите идеи така што тие ќе бидат препознатливи за другите, и преносливи од еден кон друг човек.

Човекот, вели Лок, во својата свест има безброј мисли и идеи кои се невидливи а кои сака да им ги соопшти на другите. Затоа тој треба да изнајде некои надворешни сетилни знаци преку кои тие мисли и идеи ќе им бидат познати на другите. Според Лок, употребата на зборовите се состои во тоа да бидат сетилни знаци на идеите, а идеите што зборовите ги означуваат го претставуваат нивното вистинско и непосредно значење. Не постои природна врска помеѓу определени артикулирани звуци и определни идеи, туку таа врска е произволна, односно наметната од самите луѓе

Сепак, Лок забележува дека иако секој искажан збор претставува и означува идеја на говорникот што тој ја има во својот ум, луѓето во своите мисли често имплицитно претпоставуваат дека зборовите означуваат и две други нешта:

---

[31] Џон Лок, *Оглед за човековиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр. 411-539.

1) идеите во умовите на другите луѓе со кои тие комуницираат;

2) реалноста на самите нешта.

Понатаму, за да постои човечки јазик во вистинската смисла на зборот не е доволно само артикулираните звуци да се користат како знаци за идеите, туку тие треба да функционираат и како општи знаци, т.е. знаци кои ќе можат да означуваат повеќе поединечни нешта. Така, како што постои разлика помеѓу општите и поединечните идеи, постои разлика и помеѓу општите имиња, кои означуваат општи идеи и поединечните имиња кои се употребуаат за да означат поединечни идеи.

Најголем дел од зборовите се општи термини, иако тоа на прв поглед изгледа чудно, бидејќи сите нешта што постојат се поединечни, па би можело да се очекува и зборовите, кои треба да се сообразни со нештата, да бидат поединечни. Сепак, ова не е така, и тоа не по случајност, туку според нужноста

Лок потенцира дека е невозможно да има име за секое поединечно нешто; па дури и да е возможно, додава тој, би било бесполезно, бидејќи не би служело за целта за која е наменет јазикот, ниту би било соодветно за проширување на знаењето, кое напредува преку увид во општостите.

Ако како пример за необична меморија се зема тоа што некои генерали биле способни да го викнат секој војник во нивната армија според неговото сопствено име, ние, вели Лок, можеме лесно да ја најдеме причината зошто луѓето никогаш не се обидувале да дадат имиња на секоја овца во нивното стадо или на секој гавран што им лета над главите, а уште помалку да го нарекуваат со посебно име секој лист од билката или секое зрнце песок што им се нашло на патот.

Следствено на ова, луѓето употребуваат посебни имиња за оној вид нешта со којшто си имаат најмногу работа и во околностите во кои често имаат повод да споменуваат одделни личности; притоа, различните личности имаат различни имиња.

Бидејќи го застапува ставот дека сите нешта што постојат се поединечни, Лок посветува особено внимание на објаснување на процесот на настанувањето на општите зборови. Според него, зборовите стануваат општи така што

стануваат знаци за општите идеи; а идеите стануваат општи преку тоа што се одвојуваат од околностите на времето и местото и од кои и да било други идеи што ги врзуваат за едно или за друго поединечно постоење. Преку овој начин на апстрахирање тие стануваат способни да претставуваат повеќе од една индивидуа, а за секоја од овие индивидуи која е сообразна на таа апстрактна идеја велиме дека е од тој вид.

Од ова произлегува дека општостите (општите природи) се само апстрактни и парцијални идеи, кои ги добиваме од поединечните постојни нешта; родовите и видовите претставуваат само повеќе или помалку опфатни апстрактни идеи на кои им се придадени посебни имиња.

Лок вели дека ако оставиме некој да размисли и притоа да ни каже според што неговата идеја за човек се разликува од таа за Питер и Пол или неговата идеја за коњ од таа за Букефал, тој нема да посочи друга разлика освен отстранувањето на нешто што е особено за секоја единка и задржувањето само на оние одредени сложени идеи на повеќе единечни постоења кои се утврдени како меѓусебно согласни.

А кога од сложените идеи означени со имињата *човек* и *коњ* ќе се отстранат само оние особености според кои тие се разликуваат и ќе се задржат само оние според кои се согласуваат и кога од нив ќе се направи нова сложена идеја на која ќе □ се даде името животно, тогаш се добива поопшт термин што покрај човекот опфаќа и разни други суштества.

Притоа, вели Лок, постојана и непроменлива е вистината дека секој поопшт термин застапува некоја идеја што е само дел од идеите кои се содржани во помалку општите термини.

Како што може да се забележи, сознанието на кое Лок особено инсистира во овој контекст е дека општото и универзалното се творби на разумот и не припаѓаат на реалната егзистенција на нештата, односно дека се однесуваат само на знаците, било да се тие зборови или идеи.

Затоа, вели Лок, кога ќе ги напуштиме единечностите, општостите кои остануваат се само наши сопствени творби бидејќи нивната општа природа не е ништо освен од разумот дадена способност да означуваат или претставуваат

мноштво единечности. Имено, нивното значење е само релација што човечкиот дух ја додал кон нив. Оттука следува дека суштините на видовите или *species* на нештата не се ништо друго освен тие апстрактни идеи. На пример, да се биде човек или да се спаѓа во видот човек, и да се има право на името *човек* е истото нешто.

Оттука, тврди Лок, лесно се забележува дека суштината на видовите на нештата и, следствено, сортирањето на нештата се дела на разумот што ги апстрахира и ги создава тие општи идеи. Меѓутоа, иако тие се дело на разумот, Лок не пропушта да укаже дека нивната основа се наоѓа во сличноста на самите нешта. Така, можеме да речеме дека нивното сортирање под имиња е дело на разумот, кој ја користи приликата од сличноста помеѓу нив да направи апстрактни општи идеи, им дава имиња и ги чува во духот како урнеци или форми, а потоа, како што за одделни постоечки нешта се наоѓа дека се согласуваат, така тие се вбројуваат во одреден вид го добиваат тоа име и се сместуваат во таа класа. Кога велиме, на пример, „ова е човек“„она е коњ“„ова е правда“„она е суровост“„ова е часовник“„она е палто“ итн., тогаш ги подредуваме нештата под различни посебни имиња во согласност со оние апстрактни идеи за кои ние сме ги создале тие имиња како нивни знаци. Оттаму произлегува дека, според Лок, секоја различна апстрактна идеја претставува, всушност, различна суштина. Меѓутоа, тука е многу важно да се укаже дека зборот „суштина“ има повеќе различни значења.За Лок од клучно значење е разликата помеѓу т.н. „реални“ и „номинални“ суштини.

а) Реални суштини; според Лок реалната внатрешна, но општо земено (кај супстанциите) непозната конституција на нештата, од која зависат нивните квалитети што можат да се перципираат, може да се нарече нивна суштина во првичното, изворно значење на овој збор.

б) Номинални суштини; под „номинална суштина“ Лок ја подразбира суштината на секој род или вид која е апстрактната идеја означена со општото или видовото име. Според него, тоа е највообичаената смисла во која се употребува овој термин, базирана врз тоа што нештата се класификуваат под различни имиња во видови и класи во зависност од нивното сообразување со определена апстрактна идеја.

Од аспект на позицијата што ја застапува Лок мошне е важно да се нагласи дека помеѓу името и номиналната суштина постои постојана и нераскинлива врска; така, името на било кој вид нешта може да биде припишано само на она единечно суштество што ја има таа суштина според која соодветствува на таа апстрактна идеја што е означена со тоа име. Важна последица од неговото претходно наведено разликување на модусите и супстанциите во врска со поделбата на реалните и номиналните суштини е ставот дека кај простите идеи и модуси (на пр., кај триаголникот) реалната и номиналната суштина се идентични, додека кај супстанциите (на пр., златото), тие се сосем различни. Имено, кога станува збор за златото, реалниот состав на неговите невидливи делови, односно реалната суштина, е она од што зависат сите својства како бојата, тежината, топлината, постојаноста, кои прават тоа да биде злато или му даваат право на тоа име кое, поради тоа, е неговата номинална суштина. Оти злато може да се нарече само она што според својствата е согласно со таа апстрактна сложена идеја со која тоа име е поврзано.

Во понатамошниот тек на своето излагање Лок се занимава со проблемот на можноста за дефинирање на различните видови имиња. Тој смета дека досега никој систематски не се занимавал со овој проблем, а дека тој е мошне важен за објаснувањето на самото функционирање на јазикот.

При разработувањето на овој проблем Лок поаѓа од сознанието дека имињата на простите идеи и супстанции, покрај апстрактните идеи во умот кои непосредно ги означуваат, укажуваат и на реално постоење, од кое е изведен нивниот изворен образец. Но имињата на мешаните модуси завршуваат со идејата во умот и не ги носат мислите понатаму.

Имињата на простите идеи и модуси ги означуваат и реалните и номиналните суштини. Но имињата на природните супстанции речиси никогаш не означуваат ништо освен номиналните суштини на овие видови.

Кога станува збор за прашањето кои видиви зборови се подложни на дефинирање, Лок вели:

> Колку што знам досега никој не се занимавал со прашањето кои зборови можат а кои не можат да се дефинираат и чинам дека тој недостаток неретко бил повод за големи препирања и нејасност во човечките расправи. Затоа ова покажување кои зборови се а кои не се подложни на дефиниции и во што се состои добрата дефиниција мислам дека не е сосем настрана од нашата сегашна цел.[32]

Лок смета дека имињата на простите идеи не се податливи за дефинирање, за разлика од имињата на сите сложени идеи. Неподатливоста за дефинирање на простите идеи произлегува од фактот што тие можат да се добијат преку впечатоците што самите објекти ги прават врз нашите умови. Ако тие не се добиени по овој пат сите зборови во светот што се ползуваат за објаснување или дефинирање на некое од нивните имиња никогаш не ќе можат во нас да ја предизвикаат идејата што ја застапуваат.

Тој што мисли поинаку, вели Лок,

> нека се обиде од некој збор да го добие вкусот на ананасот и оттаму нека ја стекне вистинската идеја за задоволството од тоа прославено вкусно овошје. Така тој може само да се приближи кон сфаќањето на сличноста на тој вкус со некои други ако му се каже дека тој вкус личи на некој друг што го познава и го има во помнењето бидејќи го добил од сетилните објекти преку своето непце.[33]

Така, тој што претходно не ја воспримил во својот дух преку соодветниот приод простата идеја за која станува збор никогаш не ќе може да го дознас значењето на тој збор според некои други зборови или звуци, како и да се здружени, според било какви правила за дефинирање. Единствениот пат е примената на сетилата врз соодветниот објект со што во човекот се произведува идејата на која веќе □ го научил името.

За да ја поткрепи оваа поента Лок го наведува примерот на некој студиозен слеп човек којшто многу се трудел да ги сфати видливите објекти и ги ползувал објаснувањата од своите книги и другари за да ги разбере тие имиња на светлината и боите со кои често се среќавал. Еден ден тој се пофалил дека сега разбира што значи скерлетна боја. Кога го прашале неговите пријатели што е скерлетна боја, тој одговорил дека тоа е нешто како звукот на трубата.Токму такво разбирање на името на некоја проста идеја, вели Лок, ќе

---

[32] Види подетално за проблематиката на имињата на простите идеи кај Лок , *Оглед за човековиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр. 429-437.

[33] *Ibid.*,

има оној што се надева тоа да го постигне само според дефиницијата или со други зборови што се користат за објаснување.

Но случајот со сложените идеи е поинаков. Бидејќи тие се состојат од повеќе прости идеи, зборовите можат, означувајќи неколку идеи што ја сочинуваат таа целина, да ги впечатат сложените идеи во умот каде што претходно никогаш не биле и да направат нивните имиња да бидат разбрани.

Во таков збир на идеи кои се обединуваат под едно име дефинициите или учењето на значењето на еден збор преку повеќе други зборови има свое место и може да направи да ги разбереме имињата на нештата кои никогаш не дошле на дофат на нашите сетила. Така, ние можеме да формираме идеи во согласност со идеите што постојат во духовите на другите луѓе кога тие ги употребуваат соодветните имиња, но под услов ниеден од термините на дефиницијата да не застапува такви прости идеи кои оној кому му се објаснува никогаш ги немал во својата мисла. Значи, сложените идеи можат да се дефинираат единствено кога простите идеи од кои тие се состојат биле добиени од искуството. Откако нашиот ум е опремен со соодветните прости идеи и кога ги знаеме имињата за нив тогаш ние сме во состојба да дефинираме и преку дефиницијата да ги разбереме имињата на сложените идеи што се сочинети од нив. Но кога некој термин стои за проста идеја што човекот не ја имал во својот дух невозможно е со било кои зборови тој да го сознае нејзиното значење.

Споредувајќи го нашиот степен на сигурност во значењето на имињата на простите идеи, Лок заклучува дека значењето на имињата на простите идеи е помалку подложно на сомневање отколку она на имињата на мешовитите модуси и на супстанциите. Така, тој укажува дека човекот што знае дека бело е име на бојата што тој ја забележува кај снегот или млекото ќе нема склоност за погрешна употреба на тој збор сè додека ја помни таа идеја, а дури и ако сосем ја загуби тој нема да □ дава погрешно значење туку ќе согледа дека не ја разбира.

Значи, според гледиштето на Лок, имињата на простите идеи воопшто не се произволни, туку се преземени од самото постоење на нештата, имињата на супстанциите не се сосем произволни туку се однесуваат на некој образец, но во мошне широка смисла, додека имињата на мешовитите модуси се сосем

произволни. Имињата на мешовитите модуси (главно моралните и правните поими – убиство, прељуба, сомнеж итн) се проблематични, прво затоа што идеите кои тие ги означуваат се мошне сложени, составени од повеќе прости идеи и второ, затоа што за нив нема стандард во природата; тука не е од голема помош вообичаената употреба, особено кога станува збор за филозофскиот, разговор вели Лок. Начинот на учење на овие имиња исто така придонесува за нивнта проблематичност и нивната сомнителност.

Имињата на супстанциите се проблематични по своето значење затоа што идеите што тие ги означуваат се поврзани со реалноста на нештата. За Лок имињата на супстанциите имаат сомнително значење бидејќи идеите што тие ги претставуваат се претполагаат како согласни со реалноста на предметите, а се однесуваат на стандардите што ги создала природата. Ако идеите кои тие ги претставуваат се однесуваат на стандарди што се надвор од нас, тие или воопшто не можат да бидат сознаени или можат да бидат сознаени само несовршено и несигурно, тврди Лок. Имињата на супстанциите се доведуваат во врска со реалните суштини што не можат да бидат познаени и со квалитетите што постојат едновремено, но кои ги спознаваме само делумно и несовршено. Следствено, имињата на супстанциите се однесуваат на стандарди што не можат да бидат сознаени; нивните значења никогаш не можат да бидат оправдани или востановени според тие стандарди.

Оваа неовршеност е особено проблематична кога станува збор за филозофската употреба на термините. Во филозофските истражувања и дискусии кајшто општите вистини треба да бидат востановени и кајшто треба да се изведат консеквенции од поставените ставови, според Лок, се покажува дека прецизното значење на имињата на супстанциите не само што не е добро утврдено, туку дека мошне тешко може да биде востановено. На пример, тој што ќе ја земе ковноста или извесен степен на постојаност како дел од неговата сложена идеја на златото може да оформи ставови во врска со златото и од нив да изведе консеквенции што вистинито и јасно ќе следат од златото што е земено во такво значење; но сепак, некој друг човек сепак никогаш не ќе може да биде принуден да се сложи со нив, ниту ќе биде уверен во нивната вистинитост, освен ако и самиот не ја смета ковноста или истиот степен на

постојаност за дел од таа сложена идеја што ја претставува името злато онака како што тој го употребува, вели Лок.

Но за разлика од имињата на мешовитите модуси и супстанциите, имињата на простите идеи се најмалку подложни на сомнеж, прво, затоа што идеите што тие ги означуваат се поединечни перцепции, полесно се добиваат и се задржуваат отколку сложените, и поради тоа што тие никогаш не упатуваат на каква и да било друга суштина, туку само на перцепцијата што непосредно ја означуваат. Понатаму, секоја од идеите што тие имиња ја претставуваат е само една перцепција и затоа се воспрнема полесно и останува во помнењето многу појасно одошто посложените идеи и затоа не е подложна на несигурноста што обично ги придружува сложените идеи на супстанциите и мешовитите модуси. кои потешко се помнат бидејќи не е лесно да се утврди точниот број на простите идеи што ги сочинуваат. Исто така, мошне малку подложни на грешка и несигурност се имињата на едноставните модуси (облик, број) затоа што секој што има вообичаена способност за разбирање не би требало да има никаков проблем при разбирањето на обичното значење на *седум* или на *триаголник*.

Продолжувајќи ја својата споредба на начините на кои се образуваат имињата на супстанциите и на мешовитите модуси, Лок потенцира дека иако номиналните суштини на супстанциите се создадени од духот тие сепак не се направени толку произволно како оние на мешовитите модуси. Имено, за да се создаде некаква номинална суштина неопходно е идеите од кои таа е направена да имаат такво единство при што би сочинувале само една идеја, без оглед колку таа е сложена, но, исто така, единечните идеи што се така соединети да останат сосем исти. Имено, ако две апстрактни сложени идеи се разликуваат според бројот или според видот на нивните составни делови, тогаш тие сочинуваат две различни суштини, а не една иста.

Лок смета дека иако луѓето можат да прават какви сакаат сложени идеи и да им даваат имиња по волја, сепак, ако сакаат да бидат разбрани кога зборуваат за нешта што реално постојат, тие мораат до некој степен да ги усогласуваат своите идеи со нештата за кои сакаат да говорат; во спротивно, човечкиот јазик би бил како вавилонскиот и зборовите на секој човек, бидејќи би му биле

разбирливи само нему, не би служеле за разговор ниту за вообичаените животни дејности.

Една од главните поенти на Лок во врска со начинот на кој ги образуваме номиналните суштини на супстанциите е сознанието дека нашите номинални суштини на супстанциите обично се состојат од мал број очигледни квалитети што можат да се набљудуваат кај нештата. Така, иако духот на човекот при создавањето на неговите сложени идеи на супстанциите никогаш не здружува заедно идеи што не постојат или за кои не се претпоставува дека коегзистираат заедно во природата, сепак, бројот на идеите што тој ги комбинира зависи од различната грижливост, работливост, или имагинација на тој што ги составува. Во тој контекст, колку што се поопшти нашите идеи за супстанците, толку се тие понекомплетни и парцијални. Тие, главно, служат за општа конверзација. Иако нивната употреба доволно добро служи за грубите и збркани сфаќања и за непрецизните начини на зборување и мислење, сепак, луѓето се мошне далеку од согласност за точниот број на прости идеи или квалитети што му припаѓаат на било кој вид нешта означен со тоа име. Оној што ќе разгледа во колкава мера имињата на супстанциите се далеку од тоа да имаат значење со кое се согласуваат сите што ги употребуваат, ќе има основа да заклучи дека иако за сите номинални суштини на супстанциите се претпоставува дека се копии од природата, сепак, сите тие или повеќето од нив се мошне несовршени. Бидејќи составувањето на тие сложени идеи кај разни луѓе е мошне различно, границите на видовите се такви какви што ги прават луѓето, а не природата - ако во природата воопшто постојат такви предодредени граници.

Лок признава дека многу единечни супстанции се создадени од природата така што се согласни и слични едни со други и даваат основа за да бидат распоредени во видови. Немајќи друго знаење за било која супстанција освен за простите идеи што се соединети во неа и забележувајќи дека повеќе единечни нешта се совпаѓаат со некои други кај повеќето од тие прости идеи, ние од тој збир правиме видова идеја и нејзе □ даваме општо име. Така, секоја апстрактна идеја, заедно со името што се поврзува со неа, создава номинална суштина. Колку што нашите идеи се поопшти толку се понецелосни и делумни. Ако бројот на простите идеи што ја сочинуваат номиналната суштина на најнискиот вид или на првото сортирање на единките зависи од духот на луѓето

кои различно ги составуваат тие идеи, тогаш е јасно дека тоа дотолку повеќе се случува кај поопфатните класи кои логичарите ги нарекуваат *genera*.

Имено, како што духот, за да оформи општи идеи, опфаќа разни единечности изоставајќи го времето, местото и некои други такви својства кои би правеле идејата да соодветствува само за една единка, така, за да направи уште поопшти идеи кои би можеле да опфатат различни видови, духот ги изостава оние квалитети што ги разделуваат тие видови и во својот нов збир ги става само идеите што се заеднички за повеќе видови. Но луѓето, правејќи ги нивните општи идеи, повеќе ги следат потребите на јазикот и брзото соопштување со кратки и опфатни знаци одошто вистинската и точната природа на постојните нешта. Целиот овој процес, според Лок, е приспособен кон целта на говорот, која се состои во најлесниот и најкраткиот начин за соопштување на нашите сфаќања. Така, на пример, ако некој сака да зборува за нештата што се согласни според сложената идеја на протежноста и цврстината, тој треба само да го употреби зборот *тело*. Тој што кон претходниве идеи ќе ги додаде и идеите што се означени со зборовите живот, осет и своеволно движење треба да го употреби зборот *животно*.

Токму во тоа се состои, констатира Лок, вистинската функција на родовите и на видовите: луѓето нив ги оформуваат без било какво разгледување на реални суштини или супстанцијални форми, кои не се во досегот на нашето сознание кога мислиме на тие нешта, ниту пак се означувани од нашите зборови додека разговараме со другите.

Во понатамошниот дел од третата книга од *Огледот за човековиот разум* Лок се занимава со статусот на партикулите, односно честичките во јазикот, кои ги поврзуваат деловите на речениците или целите реченици.[34] Тој најнапред констатира дека покрај зборовите што се имиња на идеите, во духот постојат и многу други што се употребуваат за означување на меѓусебната врска на идеите или ставовите поврзани од духот. Тоа поврзување се одвива на повеќе начини; на пример, *е* и *не е* се општи ознаки на духот при афирмирањето или негирањето. Но покрај афирмирањето или негирањето, без кои во говорот нема

[34] Види поопширно за проблематиката во Џон Лок *Оглед за човековиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр. 481-483.

вистинитост или лажност, духот ги поврзува не само деловите од исказите туку и цели реченици една со друга во нивните разни односи и зависности за да образува кохерентен говор. Коректната употреба на партикулите е важен дел од вештината на доброто говорење. Имено, за добро размислување, методичност на мислите и заклучоците, духот мора да има зборови за да покаже каква поврзаност, ограничување, разлики, спротивставување или нагласување му придава на секој битен дел од неговиот говор. Затоа тие зборови, кои, всушност не се имиња на било какви идеи имаат таква постојана и неодминлива употреба во јазикот и толку многу придонесуваат кон човековото добро самоизразување, бидејќи тие ја покажуваат релацијата што умот ја воспоставува во поглед на неговите сопствени мисли.

Понатаму, Лок се осврнува и на прашањето за односот на апстрактните и на конкретните термини во јазикот, потенцирајќи дека апстрактните термини не можат да се предицират едни за други бидејќи сите наши тврдења се однесуваат на конкретното. Ова може да се согледа од општата употреба на јазикот која не дозволува било кои два апстрактни збора или имиња на апстрактни идеи да бидат афирмирани едно за друго. Значи, сите наши афирмации се само за конретното, при што не тврдиме дека една апстрактна идеја е друга туку дека една апстрактна идеја е поврзана со друга. Тие апстрактни идеи кај супстанциите можат да бидат од било кој вид, а најчесто се идеи за моќите. Кај сите останати нешта тие речиси секогаш се идеи на релациите. На пример, *човекот е бел* означува дека нештото што ја има суштината на човек исто така ја има и суштината на белината која не е ништо друго освен моќ за произведување на идеја на белина кај некој чии очи можат да ги откриваат обичните предмети; на сличен начин, *човекот е разумен* означува дека истото нешто што ја има суштината на човек ја има и суштината на разумноста т.е. моќ за заклучување.

Разликата на апстрактни и конкретни имиња во јазикот ни ја покажува разликата на нашите идеи; простите идеи имат како апстрактни така и конкретни имиња, како и нашите идеи за модуси и релации (праведно, правда; еднаквост, еднакво), но за идеите на супстанциите имаме многу малку или воопшто немаме апстрактни имиња. Во овој факт Лок го согледува навестувањето на признанието на сите луѓе дека немаат идеи за реалните

суштини на супстанциите штом немаат имиња за такви идеи; тие нив несомнено би ги имале кога свеста дека ништо не знаат за нив не би ги воздржувала од еден толку залуден обид. Затоа, иако луѓето имале доволно идеи за да го разликуваат златото од каменот и металот од дрвото, сепак, мошне ретко се осмелувале да оформат и употребат такви термини како *aurietas*, *metalieta*, *ignietas* или слични имиња кои требало даги означуваат реалните суштини на тие супстанции за кои знаеле дека немаат идеи.

Слично како и Хобс, и Лок во своите анализи на јазикот се осврнува на употребата и на злоупотребата на зборовите.[35] Според него, за испитување на совршеноста или несовршеноста на зборовите неопходно е прво да се разгледа нивната употреба и нивната цел, затоа што тие се повеќе или помалку совршени сразмерно со нивната прикладност за таа цел.

Лок смета дека зборовите се користат, главно, за две цели:

Прво, зборовите служат за бележење на нашите сопствени мисли.

Второ, тие служат за соопштување на нашите мисли на другите.

Друг аспект во кој може да стане збор за двојната употреба на зборовите е типот на комуникацијата во која тие се употребуваат. Така, таа може да граѓанска и филозофска. Под граѓанска употреба на зборовите подразбираме соопштување на мисли и идеи со зборови кои служат за одржување на обичниот разговор и општење за вообичаените дејности и потреби на граѓанскиот живот во човековите општества. Под филозофска употреба на зборовите, пак, Лок подразбира употреба што може да послужи за пренесување на прецизни поими за нештата и за изразување во општи ставови. Лок вели дека овие две употреби се мошне различни така што првата може да функционира и со далеку помала точност од другата.

Слично како и другите емпиристички мислители и Лок потенцира дека голем дел од проблемите со кои се соочуваме во нашиот обид да го спознаеме светот потекнуваат токму од јазикот и неговата несовршеност, а не од несовршеноста на разумот како таков. Според неговите зборови, кога

[35] Џон Лок, *Оглед за човековиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр. 500-532.

несовршеноста на јазикот како инструмент на знаењето би била подобро проучена, многу од споровите што прават толкава врева низ светот сами од себе би исчезнале, и патот кон знаењето, а можеби и кон мирот, би бил многу поотворен. Затоа во продолжението од третата книга од *Огледот за човековиот разум* Лок ги проучува различните злоупотреби на зборовите кои ја покажуваат проблематичната страна на јазикот како инструмент на познанието.

Првата злоупотреба на зборовите се состои во тоа што тие се употребуваат без јасни и разделни идеи поврзани со нив, било од самиот почеток, како кај многу схоластичари и метафизичари, било така што во текот на употребата се менува првичното значење (како што е случајот со зборовите мудрост, слава, милост итн.). Мудроста, славата, милоста и ним сличните се зборови што често се среќаваат во устата на секој човек, но ако повеќето од оние кои ги употребуваат бидат прашани што подразбираат под нив, тие би застанале и не би знаеле што да одговорат, вели Лок. Според Лок, тоа е јасен доказ дека иако тие ги научиле таквите звуци и ги имаат секогаш спремни на врвот од јазикот во нивниот дух, нема никакви одредени идеи што би им ги објасниле на другите со тие зборови.

Лок објаснува дека авторите или поборниците на схоластичката и метафизичката терминологија, било со цел да создадат нешто исклучително и надвор од дофатот на вообичаените сфаќања или за да поткрепат некои чудни мненија или да прикријат некаква слабост на нивните хипотези, ретко пропуштале да исковаат нови зборови и тоа такви кои, штом ќе се испитаат, со право можат да се наречат термини без значење.

Втората голема злоупотреба на зборовите што ја анализира Лок е недоследноста во нивното употребување. Според него, тешко е да се најде пишана расправа за некоја тема, особено од полемички вид, во која, при внимателно читање, нема да откриеме дека истите зборови понекогаш се употребуваат за еден збир на прости идеи, а понекогаш за друг. Тоа претставува совршена злоупотреба на јазикот. Имено, кога во разговорот со другите човекот ги употребува истите зборови за различни видови идеи, тоа е еднакво нечесно како при некое сметање да означува со исти бројки сега еден а сега друг збир на

единици - на пример со бројот 3 да означува понекогаш три, некојпат четири а понекогаш осум, тврди Лок.

Третата голема злоупотреба на зборовите е намерната нејасност постигната така што старите зборови се применуваат со нови и необични значења, или со воведување на нови и двосмислени термини без дефинирање, или со натрупување на зборови при кое се побркува нивното вообичаено значење. На пример, вели Лок, за секој што барем малку ќе размисли станува јасно дека зборовите *тело* и *протежност* во обичната употреба претставуваат две различни идеи. Имено, ако нивното значење беше сосем исто ќе беше еднакво правилно да се рече *телото на протежноста* како и *протежноста на телото*, но сепак некои мислители го поистоветуваат нивното значење.Таа злоупотреба - намерното побркување на значењето на зборовите – се зацврстила во схоластичкото третирање на филозофските прашања, со што уште повеќе се зголемила природната несовршеност на јазиците, вели Лок. За оваа состојба многу придонеле логиката и вештината на расправањето, која во средновековниот контекст се нарекувала „суптилност". Појавувањето на оваа злоупотреба е неизбежно таму кајшто способноста и учeноста на луѓето се проценува според нивната вештина во дискутирањето. А ако угледот и наградата ги следат успесите во дискусијата, кои, главно, зависат од префинетоста и нијансирањето на зборовите, тогаш не е чудно ако човечкиот ум штом се зафати со таква употреба го заматува, компликува и префинува значењето на звуците, смета Лок. Тој ги обвинува древните филозофи, но особено схоластичарите, дека сакајќи да стекнат слава поради нивното големо и универзално знаење за кое многу е полесно да се преправаат дека го имаат одошто реално да го стекнат, нашле дека најдобро ќе го скријат своето незнаење со помош на чудно и необјасниво ткаење на заплеткани зборови и дека ќе си го обезбедат восхитот од другите со неразбирливи термини кои произведуваат дотолку поголемо чудење повеќе бидејќи никој не може да ги сфати. Но таквата учeност Лок ја смета поскоро за штетна отколку за корисна за општеството, затоа што без оглед на тие учени луѓе, сезнаечки доктори, владите во светот го постигнале својот мир благодарение на неучените, неписмени државници. Освен тоа, за подметнување или за одбрана на чудни и бесмислени доктрини нема подобар начин од тоа човек да ги опкружува, како со стража, со легии на

мрачни, двосмислени и неодредени зборови. Бидејќи невистината е неприфатлива за човечкиот дух, на бесмислата не  останува друга одбрана освен нејасноста, тврди Лок. Според него, „ученото незнаење“ и вештината со која дури и љубопитните луѓе биле оддалечувани од вистинското знаење се распостраниле низ светот и наспроти претензиите за подобрување на разумот, тој само станал позаплеткан. Иако неуките луѓе доволно добро ги разбираат зборовите *бело* и *црно* и имаат утврдени поими за идеите што се означени со тие зборови, сепак се нашле некои филозофи што имале доволно ученост и префинетост за да докажат дека снегот бил црн и дека белото е црно. Така нивната голема префинетост довела само за сплеткување и збркување на значењето на зборовите со што реалните недостатоци на јазикот само биле дополнително зголемени.

Четвртата голема злоупотреба на зборовите се состои во тоа тие да се идентификуваат со самите нешта, злоупотреба на која особено се подложни имињата на супстанциите (на пример, „материја“). Лок смета дека степенот во кој имињата што се земени наместо нивните објекти можат да го заведат разумот веднаш ќе ни биде откриен со внимателно читање на филозофските автори, и тоа можеби токму кај оние зборови за кои има малку сомневање во било каква злоупотреба. За да ја илустрира оваа теза Лок го зема примерот со зборот „материја“ чија употреба сугерира дека во природата реално постои такво нешто како материјата, нешто кое е различно од телата. Замислата за различноста меѓу материјата и телата е сугерирана од јазикот на таков начин што ние воочуваме дека иако е правилно да се рече оти постои една материја на сите тела, сепак не може да се каже дека постои едно тело на сите материи; ние обично велиме дека едно тело е поголемо од друго, но звучи несоодветно да се рече дека една материја е поголема од друга. Ова, според Лок, потекнува оттаму што иако материјата и телото не се реално различни, туку таму кајшто е едното таму е и другото, сепак, материјата и телото претставуваат два различни поими од кои едниот е нецелосен и претставува само дел од другиот. Имено, телото претставува цврста, протежна, обликувана супстанција, додека материјата е само делумен и помалку јасен поим којшто се однесува на супстанцијата и цврстината на телото, без да се земе предвид неговата протежност и облик. Затоа, кога расправаме за материјата или за било кој сличен термин ние

всушност расправаме само за идејата што ја изразуваме со тој звук, без оглед дали таа идеја се совпаѓа со нешто што реално постои во природата, тврди Лок. Сепак, поради авторитетот на големите мислители кои го употребувале овој збор и другите слични зборови на ваков погрешен начин, нивните заблуди се пренесуваат и на следните генерации и придонесуваат за се потешко и потешко искоренување на овој тип злоупотреба на јазикот.

Петтата голема злоупотреба на зборовите се состои во нивното ставање на место на нештата што тие никако не можат да ги означуваат, на пример на место на реалната суштина на супстанциите. Лок тврди дека кога општите имиња на супстанциите за кои нам ни се познати само номиналните суштини ги внесуваме во искази и нешто тврдиме или одрекуваме за нив, ние најчесто молчешкум подразбираме или сметаме дека имињата треба да ја претставуваат реалната суштина на извесен вид супстанција. Така, кога човекот вели дека „златото е ковно" тој подразбира и навестува нешто повеќе од тоа дека она што тој го нарекува злато е ковно и притоа сака да каже дека златото т.е. она што ја има реалната суштина на златото е ковно, а тоа прераснува во ставот дека ковноста зависи од реалната суштина на златото и не може да се раздвои од неа. Но бидејќи човекот не знае во што се состои таа реална суштина, ковноста со која тој неа ја поврзува во својот дух всушност не се однесува на непознатата суштина, туку само на звукот злато што тој го става наместо неа.

Причината за оваа злоупотреба на зборовите Лок ја наоѓа во претпоставката дека природата секогаш дејствува регуларно, поставувајќи ги границите на видовите. Всушност, оваа претпоставка почива врз две погрешни замисли: прво, дека постојат определени прецизни суштини во согласнст со кои природата ги создава сите поединечни нешта и според кои тие се диференцирани во видови, и второ, дека ние имаме идеи за овие претпоставени суштини, објаснува Лок. Имено, со која цел би се истражувало дали ова или она нешто ја има реалната суштина на видот *човек* ако ние не претпоставуваме дека таквата видова суштина е позната? Сепак, според Лок, тоа е сосем погрешно и затоа таквата употреба на имиња во која тие треба да претставуваат идеи што ги немаме може да предизвика голем неред во дискусиите за природата на нештата и многу ја попречува нашата комуникација со зборовите.

Шестата злоупотреба на јазикот што ја анализира Лок се состои во претпоставката дека зборовите што ги употребуваме имаат извесно и очигледно значење што другите луѓе не можат а да не го разберат.

Во оваа злоупотреба на зборовите е јасно дека луѓето кои со долга и постојана употреба со зборовите поврзале извесни идеи, имаат склоност да замислуваат дека врската помеѓу имињата и значењето во кое тие ги употребуваат е толку блиска и нужна што избрзано си претпоставуваат дека секој мора да ја разбере нивната смисла и да се согласи со нив, како да е сосем несомнено дека при употребата на тие општоприфатени звуци говорникот и слушателот нужно ги имаат токму истите идеи. Лок вели дека тие луѓе претпоставуваат дека штом во разговорот ќе употребат некој термин, со тоа како да го поставиле пред другите самиот предмет за којшто зборуваат. Оттаму обично произлегуваат кавги и расправии без унапредување на сознанието, бидејќи луѓето сметаат дека зборовите се постојани правилни ознаки на општоприфатените сфаќања, а тие зборови всушност се само произволни и непостојани знаци на нивните сопствени идеи. Како што вели Лок,

> [j]ас не знам зошто би било погрешно да се бара објаснување на зборовите чија смисла ни се чини сомнителна или зошто човек треба да се срами ако не знае во која смисла друг човек ги употребува своите зборови бидејќи тој нема поинаков начин нив да ги сознае со сигурност освен да биде информиран.[36]

Овој вид злоупотреба на зборовите никаде не е толку проширена ниту има толку лоши последици како помеѓу учените луѓе (men of letters). Според Лок, кога поблиску би ги анализирале многубројните спорови на учените кои припаѓаат на различни филозофски школи, би се открило дека зад привидната разлика во нивните мислења всушност лежи разлика во начинот на кој тие ги употребуваат зборовите, односно дека, во суштина, тие зборуваат различни јазици. Доколку, напуштајќи ги зборовите, тие би биле способни директно за размислуваат за самите нешта, тогаш би откриле дека нивните мислења всушност се согласуваат.

Најпосле, седмата голема злоупотреба на јазикот се состои во злоупотребувањето на фигуративниот говор. Во врска со оваа злоупотреба, Лок

[36] Џон Лок, *Оглед за човековиот разум*, Аз-Буки, Скопје, 2004, стр. 519.

истакнува дека ако сакаме да зборуваме за нештата такви какви што се според нивната природа, ние мора да прифатиме дека сета реторичка умешност (освен редот и јасноста), сета вештачка и фигуративна примена на зборовите што е измислена од говорничката вештина, не е ништо друго освен навестување на погрешни идеи, поттикнување на страсти и оттаму погрешно наведување на нашата моќ за расудување. Имено, токму тогаш се работи за совршена измама. Следствено, колку и реторичките фигури да се пофални или прифатливи во јавното и популарното ораторство, во сите расправи што настојуваат да известат или поучат, односно во секој контекст во кој станува збор за вистината и знаењето, тие, бездруго, треба да бидат целосно одбегнувани. Овие фигури мора да се сметаат за голема грешка или на јазикот или на личноста што нив ги употребува, објаснува Лок.

Свесен за фактот дека неговите идеи за јазикот и неговата употреба и злоупотреба се мошне обемни и комплексни, Лок прави еден вид нивно резиме, при што како најзначајни ги истакнува следниве точки:

1) Целта на јазикот е тројна: прво, да ги пренесе нашите идеи. Второ, тоа да го направи што е можно полесно и побрзо, Трето, со тоа да пренесе знаење за нештата. Јазикот е или злоупотребен или нешто му недостасува кога не успева да исполни која и да било од овие цели.

2) Јазикот потфрла во поглед на првата од овие цели – самото пренесување на идеите - кога луѓето изговараат зборови без да имаат определени идеи во своите умови, чии знаци се овие идеи, или кога вообичаените имиња во јазикот ги применуваат врз идеи врз кои овие имиња не би можеле да се применат во вообичаената употреба, или кога ги употребуваат на многу непостојан начин, час за една, час за друга идеја .

3) Јазикот потфрла во поглед на втората од овие цели - брзото и лесно пренесување на идеите - кога луѓето имаат сложени идеи без да имаат дистинктни имиња за нив. Понекогаш за тоа е виновен самиот јазик, ако во него сè уште нема звук што би се применил за такво значење, а понекогаш грешката е кај човекот кој сè уште не го научил името на таа идеја што сака да му ја покаже на друг.

3) Јазикот потфрла во поглед на третата цел - пренесувањето на знаење за нештата прво, кога зборовите се употребуваат без идеи; второ, кога сложените идеи немаат со нив поврзани имиња; трето, кога истиот знак не е ставен за истата идеја; четврто, кога зборовите отстапуваат од нивната вообичаена употреба; петто, кога се имиња на имагинарни нешта. Така, со зборови не може да се пренесе сознание за предметите тогаш кога човековите идеи не се во согласност со предметната реалност. Сепак, тој недостаток се протега и на зборовите кога ние ги употребуваме како знаци за реални суштества кои, сепак, никогаш немале било каква реалност или постоење, вели Лок.

Најнапред, тој што знае зборови од некој јазик без да има во својот дух разделни идеи за кои би ги применувал доколку ги употребува таквите зборови во разговорот прави само врева без било каква смисла или значење. Колку и да се чини умен употребувајќи тешки зборови или учени термини тој со тоа не напредува многу во знаењето, како што не би напредувал и во учењето ниту оној кој ги студира единствено самите наслови на книгите без да навлегува во нивната содржина. Таквиот човек, вели Лок, не е во подобра состојба одошто продавачот на книги што во својот дуќан има само томови без корици и наслови, и затоа нив може да им ги претстави на другите само покажувајќи кон расфрлените списи и раскажувајќи за нив.Тој човек е спречен во неговиот израз бидејќи му недостигаат зборови за да ги соопшти своите сложени идеи и затоа е принуден да ги претставува со набројување на простите идеи што нив ги сочинуваат; така тој често треба да ги употреби дваесет зборови за да го изрази она што друг човек го означува со еден збор. Имено, без оглед на тоа колку неговиот разум може да биде исполнет со вистина и светлина, со такви зборови не ќе може многу да им пренесе на другите без да ги дефинира своите термини.

Навраќајќи се на разликите и сличностите помеѓу имињата на различните видови сложени идеи – супстанциите, модусите и релациите, Лок објаснува дека кога зборовите на луѓето стојат за супстанции тие се подложни на сите пет гореспоменати потфрлања, додека кога стојат за модуси и за релации се подложни само на првите четири потфрлања.

Како што покажаа неговите анализи на злоупотребата на јазикот, неадекватната употреба на јазичните средства предизвикува големи штети во

поглед на познанието и комуникацијата. Според Лок, тој што добро ќе ги разгледа заблудите и нејасностите грешките и збрките предизвикани од јазикот би имал добра причина да се посомнева дали јазикот, како што досега бил применуван, повеќе придонел за напредок или за уназадување на знаењето на човечкиот род. Бидејќи јазикот е голем спроводник со кој луѓето ги пренесуваат своите откритија, заклучоци и сознанија еден на друг, тој што лошо ги употребува зборовите, иако не ги загадува изворите на знаењето коишто се во самите објекти, сепак може, онолку колку што зависи од него, да ги прекине или запре доводите со кои знаењето се распределува за општата употреба и полза на човечкиот род. Сепак, подвлекува Лок, кој може да се чуди што сите науки и делови на знаењето се толку преполнети со матни и двосмислени термини и празни и сомнителни изрази штом кај оние на кои им е професија да ја поучуваат и бранат вистината (мислејќи на учените луѓе, првенствено филозофите) самата вербална вештина често важи за доблест, а таа главно се состои од погрешна и залажувачка употреба на матни или измамнички термини пригодни само за да ги наведат луѓето да се занесат во своето незнаење и да истрајуваат во нивните заблуди. Ако погледнеме било какви полемички книги, ќе видиме дека ефектот од матните, непостојани и двосмислени термини не е ништо освен врева и препирање околу звуци без уверување или подобрување на човечкиот разум. Оти ако говорникот и слушателот не се согласни за идејата што ја претставуваат зборовите, тогаш расправата не е за предметите туку за имињата, вели Лок.

Во врска со овој проблем, Лок, од една страна, е свесен дека барањето луѓето да ги употребуваат зборовите секогаш во иста смисла и само со одредени и еднообразни идеи подразбира да се смета дека сите луѓе треба да ги имаат истите сфаќања и дека не смеат да зборуваат за ништо освен за она за кое имаат и разделни идеи. Јасно е дека такво нешто може да се очекува само од тој што си замислува дека може да ги натера луѓето да бидат мошне учени или многу молчеливи, тврди Лок. Но сепак, од друга страна, избегнувањето на нејасноста и двосмисленоста е мошне важно за филозофскиот дискурс, затоа што оние кои настојуваат сериозно да ја бараат или да ја следат вистината треба да се сметаат обврзани да учат како да се изразуваат без нејасности, сомнителни изрази или двосмислености кон кои човечките зборови се природно подложни доколку не

се внимава, објаснува Лок. Затоа е мошне важно да се разработат определени средства кои би помогнале, ако не во целосно искоренување на злоупотребите на јазикот, тогаш барем во нивното надминување.

Првото средство за надминување на злоупотребата на јазикот што го наведува Лок се состои во избегнување на употреба на зборови со кои не е поврзана никаква идеја. Така, тој укажува на тоа дека човекот треба да не употребува збор без значење ниту име без идеја што тоа ја претставува. Ова правило, вели тој, не ќе му се стори сосем бесполезно на оној што ќе се потруди да се сети колку пати во разговорите со другите се среќавал со такви зборови како *инстинкт*, *симпатија* и *антипатија* употребени така што тој можел лесно да заклучи дека оние кои ги користат немаат во својот дух никакви идеи за кои би ги применувале туку ги изговараат како звуци кои обично во слични прилики служат наместо аргументи.

Второто средство против јазичната злоупотреба би се состоело во настојувањето да се имаат јасни, определени, разделни идеи поврзани со зборовите, особено кога станува збор за мешовитите модуси и супстанциите. Лок објаснува дека не е доволно човек да ги употребува своите зборови како знаци за некои идеи, туку ако идеите што ги поврзува со нив се прости тие мораат да бидат јасни и разделни; ако се сложени мораат да бидат одредени т.е. во духот мора да биде утврден точниот состав на идеите при што звукот би се поврзувал со нив како знак токму на тој одреден состав и ниеден друг.

Како трето средство против злоупотребата на јазикот Лок го наведува настојувањето зборовите да се употребуваат за идеи со кои ги има поврзано општата употреба.

Имено, тој тврди дека не е доволно луѓето да имаат идеи одредени идеи кои ги претставуваат со тие знаци, туку тие, исто така, мора да внимаваат да ги применуваат нивните зборови - колку што е можно - на оние идеи со кои ги поврзала општата употреба. Ова се должи на фактот што правилноста на зборувањето е она што им овозможува најлесен и најпригоден пристап на нашите мисли во духовите на другите луѓе. Правилното значење и употреба на термините, пак, најдобро се учи од оние кои во своите списи и разговори

покажале дека имаат најјасни сфаќања и на нив ги применувале своите термини со најточен избор и соодветност.

Четвтрото средство против злоупотребата на зборовите, според Лок, се состои во прецизирањето на значењето во кое ги употребуваме зборовите.

Лок вели дека вообичаената употреба не е така видливо поврзана со било кое значење на зборовите за луѓето да можат секогаш точно да знаат на што се однесува; бидејќи при унапредувањето на своето знаење луѓето стекнуваат идеи што се поинакви од секојдневните и вообичаено прифатливите идеи, тие за нив мораат да создаваат нови зборови или мораат да ги ползуваат старите со ново значење.

Понекогаш, за утврдување на значењето на зборовите е неопходно да се објасни нивната смисла доколку таа во обичната употреба е несигурна и загубена.

Кај имињата на простите идеи, утврдувањето на значењето на зборовите се одвива со наведување синоними или со покажување примери.

Така, кога некој употребува име на некоја проста идеја за која согледува дека не е разбрана или увидува дека е во опасност да биде погрешно сфатена, тој е обврзан да ја објасни смислата на кажаното и да се изјасни која идеја ја застапува.

Сепак, единствениот сигурен начин за објаснување на значењето на името на било која проста идеја е да се презентира тој објект пред човековите сетила кои можат да ја произведат таа идеја во неговиот дух и така да се постигне целта говорникот да ја има идејата што зборот ја претставува, вели Лок.

Што се однесува до мешовитите модуси, кај нив прецизирањето на значењето на зборовите што ги означуваат се одвива по пат на дефиниција.

Како што покажаа претходните анализи на Лок, мешовитите модуси, особено оние што спаѓаат во сферата на моралноста, во најголем дел се произволни комбинации на идеи што духот ги здружува по свој избор и за кои не можат секогаш да се најдат постоечки обрасци. Значењето на нивните имиња

не може да биде сознаено како кај простите идеи со некакво покажување, но, за возврат, тие можат бидат совршено и точно дефинирани.

Според тврдењето на Лок, луѓето можат, ако сакаат, точно да ги сознаат идеите што ја сочинуваат секоја од тие комбинации што ги претставуваат мешовитите модуси. Така воедно можат да ги употребуваат тие зборови со сигурно и несомнено значење и во соодветна пригода совршено да објаснат што тие претставуваат. Имено, штом може да се сознае прецизното значење на имињата на мешовитите модуси или реалната суштина на секој вид што тие го претставуваат - бидејќи тие не се природен туку човеков производ - несигурното и матно расправање за моралните нешта, според Лок, претставува една голема небрежност која повеќе може да биде простена при разгледувањето на природните супстанции, каде што сомнителните термини тешко можат да се одбегнат.

Кога станува збор, пак, за објаснување на значењето на имињата на супстанциите како знаци на идеите што ги имаме за нивните разни видови, нам, според Лок, во многу случаи можат да ни користат и двата гореспоменати начини т.е. и покажувањето и дефинирањето. Имено, кај секој вид обично постојат некои водечки својства кон кои, според нашата претпоставка, се придаваат идеи што ја сочинуваат нашата сложена идеја за тој вид и затоа ние избрзано му даваме посебно име на тоа нешто кај кое го наоѓаме тој карактеристичен план за којшто сметаме дека е најособената идеја на тој вид. Сепак, Лок потенцира дека со оглед на тоа што нашите имиња на супстанциите не ги претставуваат само нашите идеи туку, во крајна линија, им е наметнато да ги претставуваат објектите и да стојат место нив, нивното значење мора да се согласува со предметната вистина исто како и со човечките идеи.

Следствено, кај супстанциите ние не треба секогаш да остануваме само на сложената идеја што е општоприфатена како значење на тој збор, туку мора да одиме малку понатаму и да ја истражуваме природата и својствата на самите предмети; притоа, потребно е, колку што можеме, да ги усовршуваме нашите идеи за разните видови идеи или да учиме од оние кои имаат поголемо искуство во поглед на нив.

Најпосле, како петто средство против злоупотребата на зборовите Лок го наведува настојувањето истиот збор константно да се употребува во истата смисла, а во случаите во кои тоа не е можно, варијациите во смислата да бидат детално објаснети. На овој начин, според Лок, на многу од постојните контроверзии и спорови би им бил ставен крај, а многуте страници филозофска литература би се свеле на дела со мошне мал обем.

На самиот крај од *Огледот за човековиот разум*, во делот насловен „За поделбата на науките", Лок зборува за семиотиката или науката за знаците како една од трите основни гранки на науката. Тој вели дека сè што спаѓа во доменот на човековиот разум може да биде, прво, природата на нештата, нивните односи и начин на дејствување; второ, дејствата што самиот човек ги прави за остварување на сопствените цели, и трето, знаците што човекот ги користи како средства за здобивање и пренесување на знаењата од првата и од втората област. Со првото подрачје – откривање на природата на самите нешта – се занимава физиката, со второто – човековото дејствување – етиката, а со подрачјето на знаците се занимава науката што тој ја нарекува *семиотика*. Семиотиката тој на извесен начин ја изедначува со логиката, бидејќи таа се занимава со изучување на природата на знаците што духот ги користи за разбирање на нештата и за пренесување на неговото знаење на другите. Според зборовите на Лок,

> [б]идејќи ниту едно од нештата што се согледувани од духот, освен самиот тој, не се присутни во разумот, нему му е неопходно присуството на нешто друго, како знак или претстава на разгледуваниот предмет; такви нешта се идеите. И бидејќи сцената на идеите што се создава во мислите на еден човек не може да биде отворена за непосредниот поглед на другиот, ниту пак да биде некаде одложена освен во сеќавањето, коешто не е многу сигурно засолниште: следствено, соопштувањето на нашите мисли на некој друг, исто како и нивното задржување за нашата сопствена полза, има нужна потреба од знаци за нашите идеи. Оние знаци кои на луѓето им биле најпригодни, и следствено општо полезни, се артикулирани звуци. Така, разгледувањето на идеите и зборовите, како големи инструменти на знаењето, сочинува еден неизоставлив дел од размислата за секој што сака да фрли поглед врз човечкото знаење во неговиот целосен опсег. И можеби, кога тие сознајни инструменти би биле разделно одмерени и внимателно разгледани, тие би нè воделе кон

своевидна логика и критика којашто би била поинаква од онаа што досега сме ја познавале. [37]

*

Толкувањето на ставовите на Лок за јазикот, во општата рамка на неговата филозофија, не е едноставно.

Во својата гносеологија, Лок го користи поимот на знакот како навестување или евиденција, како основа за заклучување. Со оглед на ова, најприродната интерпретација на Локовото тврдење дека зборовите се знаци за идеите во умот на говорникот е дека зборовите служат како навестувачи или сигнали за тие идеи. Исто така, важно е да се согледа дека Локовата филозофија на јазикот има делумно и нормативен карактер. Според Лок, целта на говорот е да ни дозволи да си понудиме други сетилни знаци за нашите идеи. Ова не значи да се каже дека искуството не може да постави врска помеѓу зборот и идејата за која тој е искористен за навестувачки да ја означи така што се преминува од звукот на зборот кон таа идеја без да се направи заклучок. Навистина, ова е токму видот на мрзеливост за кој Лок мисли дека е одговорен за многу збрки.

Централното учење со кое Лок се бори во својата филозофија на јазикот се однесува на тоа дека зборовите се знаци за стварите. Лок никако не го прифаќа тврдењето дека зборовите ги означуваат стварите, туку само нашите идеи. Оттука, можат да се генерализираат огромен број на проблеми во филозофијата, а дел се поттикнати и од самите емпиристи – означувањето, значењето, апстракцијата, постоењето на материјата, објаснувањето на самите поими, смислата и псевдо-јазикот, псевдо-проблемите на филозофијата итн. итн.

Големиот придонес на Лок во поглед на филозофијата на јазикот може да се забележи на неколку главни полиња: прво, во темелното објаснување на начинот на кој се создаваат имињата на простите идеи, како и на различните видови сложени идеи, од кои особено специфични се имињата на мешовитите модуси и на супстанциите; второ, во анализата на процесот на апстракцијата со кој, според него, се образуваат општите идеи; трето, во тоа што иако темата за

[37] Џон Лок, *Оглед за човечкиот разум*, Скопје, Аз-Буки, 2004, 733.

злоупотребата на јазикот е присутна во делата на сите емпиристички мислители што досега беа разгледувани, Лок неа ја разработува на најдетален и најсистематски начин и предлага средства за нејзино надминување; четврто, во оформувањето на идејата за семиотиката како општа наука за знаците и фундаментално подрачје на науката како таква. Затоа Лок со право се смета за претставник на британскиот емпиризам кој има најголемо значење за историјата на филозофијата на јазикот во овој период.

## ЗАКЛУЧОК

Изведувањето конечен и единствен заклучок за проблематиката на „филозофијата на јазикот" развиена во британскиот емпиризам не е ниту лесно ниту еднозначно. Ова, пред сè, се должи на фактот дека мислителите кои се етикетираат како емпиристи – Бекон, Хобс, Лок, Беркли, Хјум во своите филозофски учења и филозофски ставови развиваат учења кои целосно меѓусебно се исклучуваат, консеквенците кои произлегуваат од нивните филозофии се нагласено различни, а згора на тоа и самите толкувања, различното читање на овие филозофи во подоцнежната историја на филозофијата, дополнително ја компликуваат работата.

Но сепак, треба да се направи некаков напор за да се синтетизира нивната мисла во неколку точки:

1. Централната придобивка од британскиот емпиризам во однос на јазикот е, секако, раѓањето на семиотиката како наука за знакот. Сите подоцнежни напори на Чарлс Сандерс Пирс и Чарлс Морис се само развој на централната идеја на Џон Лок – сфаќањето на семиотиката како третиот дел од науката кој е фокусиран врз проучувањето на знаците кои духот ги употребува за разбирање на стварите или за пренесување на знаењата на другите. Факт кој има значење сам по себеси е Локовото идентификување на семиотиката и логиката. Ваквата идеја на Лок имала силно влијание, покрај врз споменатите Пирс и Морис, исто така и врз значајни имиња како Фердинанд зе Сосир кој во својот *Курс по општа лингвистика* ја развива аналогната идеја за семиологијата. Исто така, Локовото сфаќање на логиката како семиотика силно влијае и врз Рудолф Карнап кој во своето дело *Логичката синтакса на јазикот*, навести голем импулс за симболичката логика воопшто. Иако кај Карнап во преден план се симболичките, вештачките јазици за кои Лок нема голем интерес, сепак, Локовиот став е имплицитно значаен и за самата симболичка логика.

2. „Филозофијата на јазикот“ на емпиристите во Британија има свое значење и во тоа што се јавува како продолжение на платоновско-аристотеловската дебата во антиката и нејзиното прелевање во схоластиката со спротивните теории на Дунс Скот и Вилијам Окам. Во филозофијата на јазикот развиена во рамки на британскиот емпиризам, повторно се јавува централното прашање на проблемот на универзалиите: како постојат општостите? Како имињата на општите поими го стекнуваат своето значење? Иако емпиристичките мислители, општо земено, се наклонети кон номинализмот во поглед на прашањето за универзалиите, меѓу нив постојат значајни разлики во самото објаснување на начинот на кој нашите идеи се здобиваат со општост, односно начините на кои зборовите со кои се означуваат општите поими го стекнуваат своето значење (како што се на, пример, разликите во ставовите на Беркли и на Лок во поглед на ова прашање). Некои од дискусиите на емпиристичките мислители во врска со односот на зборовите и она што тие го означуваат можат да се поврзат и со современите дискусии за значењето на терминот и неговата смисла, односно со различноста на ставовите развивани од Фреге, од една страна, и Крипке и Патнам од друга страна.

3. Иако сфаќањата за јазикот кај Бекон, Хобс, Беркли и Лок се разликуваат во многу погледи – на пример, по мотивацијата, обемноста, поврзаноста со другите аспекти од нивните филозофски учења, а особено со нивните онтолошки и гносеолошки ставови – сите нив ги поврзува една заедничка идеја. Тоа е идејата дека јазикот има своевидна “двојна природа”: од една страна, тој е средство со кое ги бележиме сопствените мисли, им ги соопштуваме на другите луѓе, стекнуваме знаења и ги пренесуваме, се поврзуваме во општествена заедница, твориме. Од тој аспект употребата на јазикот е мошне позитивна и конструктивна и е неопходна за одржување на човечкото општество, како и за негов напредок. Но од друга страна, зборовите се мошне несовршени средства за означување и пренесување на нашите идеи; со тоа, тие придонесуваат за зацврстување и ширење на голем број штетни и опасни заблуди, кои ја искривуваат нашата слика за светот и придонесуваат за залудно трошење на нашите интелектуални способности. За надминување на овие проблеми, емпиристичките мислители предлагаат различни средства, кои

главно се однесуваат на повнимателното креирање на врската помеѓу зборовите и идеите и развивање на посигурни философско-логички методи за образување на нашите поими.

4. Учењата на британскиот емпиризам, особено философијата на Џорџ Беркли и Дејвид Хјум (иако, како што беше објаснето во Воведот, анализата на ставовите на Хјум не беше предмет на овој труд, поради тоа што тој не му посветува посебно внимание на проблемот на јазикот) може да се толкува како инспирација за две принципиелни, нагласено моќни философски ориентации во современата философија – скептицизмот, од една страна, и вртењето кон субјектот од друга страна преку критицизмот на Кант и феноменологијата на Хусерл, на пример. Имено, Берклиевото негирање на постоењето на материјата е сериозен притисок врз целокупната материјалистичка ориентираност на мислата која во тој период доминира со својот механицистички поглед на светот. Дефинирањето на стварта како збир на осети ја подотвори вратата за редифинирање на гносеологијата, а посредно и за појавата на философијата на јазикот со нејзиниот жив интерес за односот меѓу терминот, предметот и поимот односно реалноста, мисењето и јазикот. Исто така, без придонесот на Берклиевата философија веројатно многу потешко ќе се развиваше борбата против таканаречената природна вера, ставот на верување во засебното постоење на стварите, со што далекусежно се влијаеше и врз генерации мислители кои во XIX, XX и сега и во XXI век ја развиваат философијата на јазикот. Борбата, од друга страна, против солипсизмот, кој како последица се наметнува во учењето на Беркли, се јави како остро спротивставување на скептичките тенденции дека човекот нема сигурно знаење и сигурен критериум за утврдување на вистината.

5. Конечно, за современата мисла ќе остане вечна инспирација философијата развиена од најзначајните претставници на британскиот емпиризам. Нивните медитации за односот на знаците и предметите, идеите и знаците, идеите и предметите, дефинирањето на законите според кои се развива нашето знаење, нашиот однос кон Бог и апсолутното итн., засекогаш ќе раѓаат нови и нови прашања и прашања за јазикот и неговата проблематика.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Apel, Karl Oto. *Transformacija filozofije*. Sarajevo: Veselin Masleša. 1980.

Aristotel. *Organon*. Beograd: Kultura, 1962.

Aristotle. *Categories and De Interpretatione*. Oxford University Press, Oxford, 1975

Ayer, Alfred Jules. *Language, Truth and Logic*. Penguin Books, 1946.

Ayer, Alfred Jules. *Filozofija u dvadesetom vjeku*. Sarajevo: Svjetlost, 1990.

Austin, John. *The Philosophy of Positive Law*, London, Thoemmes Press, 2002.

Bart, Rolan. *Elementi semiologije*. XXI, Beograd, 2015

Bender, Francis. *George Berkeley's Philosophy re-examined*. Amsterdam: Uitgeverij,, 1946.

Бекон, Френсис. *Нов органон*. Скопје: Аз-Буки, 2006.

Беркли, Џорџ. *Одбрани дела*. Скопје: Аз-Буки, 2003.

Беркли Џорџ. *Расправа за принципите на човековото познание*, Зумпрес, Скопје, 1997.

Carnap, R., *Logical syntax of Language*, Palgrave Macmillan, London, 2009.

Cassirer, Ernst., *The Philosophy of Symbolic Forms*, Vol. I, Yale, Yale Univeristy Press, 1980.

Čomski, Noam, *Syntactic Structures*, Mouton, London, 1957.

Де Крешенцо, Лучијано. *Историја на модерната филозофија*. Скопје: Матица македонска, 2011.

Derrida, Jacques. *Of Grammatology*, London, Penguin Books, 1976.

Дикро, Освалд и Цветан Тодоров. *Енциклопедиски речник на науките за јазикот*. Скопје: Детска радост, 1994.

Димишковска Трајаноска, Ана. *Прагматиката и теоријата на аргументацијата*. Скопје: Ѓурѓа, 2001.

Дурант, Вил. Ум царује: *Животи и мишљења великих философа*. Нови Сад: Просвета, 1980.

Filipovič, Muhamed. *Filozofija jezika*. Sarajevo: Svjetlost, 1987.

Frege, Gotlob. *Collected Papers on mathematics, logic and philosophy*, Blackwell, London,1984.

Gadamer, Hans, *Beginning of Knowledge*, Continuum, London, 2001.

Gibson, James. *Locke's Theory of Knowledge and Its Historical Relations*. Cambridge: Cambridge University Press 1917.

Hale, Bob and Crispine Wright (eds): *A Companion to the Philosophy of Language*. Oxford: Blackwell, 1997.

Hegel, Georg Vilhelm Fridrih. *Istorija filozofije*. Beograd: Kultura, 1970.

Hobbes, Tomas. *Čovek i građanin*. Beograd: Hedone, 2006.

Лок, Џон. *Оглед за човековиот разум*. Скопје: Аз-Буки, 2004.

Лок, Џон. *Писма за толеранција*. Скопје: Аз-Буки, 2006.

Lycan, Wiliam G. Philosophy of Language: *A Contemprorary Introduction*. London and New York: Routledge, 1999.

Маркоска-Чубриноска, Анета. *Логиката на јазикот: логичка семантика на македонскиот јазик*. Скопје: Аз-Буки, 2011.

Moris, Čarls. *Osnove teorije o znacima*. Beograd: BIGZ, 1975.

Morris, Charles, *The Foundaments of the theory of signs*, Boston, Boston Unoversity Press, 1985.

Mukaržovski, Jan, Struktura, funkcija, znak, vrednost, Nolit, Beograd, 1986.

Мухиќ, Ферид. *Јазикот на филозофијата: истражување од филозофската методологија*. Скопје: Аз-Буки, 1995.

Панзова, Виолета. *Универзалната граматика и македонскиот јазик*. Скопје: Епоха, 1996.

Панзова, Виолета (прир.). *Значењето и вистината*. Скопје: Ѓурѓа, 1998.

Пери, Марвин. *Интелектуалната историја на Европа*. Скопје: Виг Зеница, 2010.

Plato. *Theaetetus*. Penguin Classics, London, 1987.

Платон. *Кратил*. Превод од старогрчки, коментар и белешки Весна Томоска – Митровска. Скопје: Магор, 2006.

Расел, Бертранд. *Мудроста на западот*. Скопје: Зумпрес, 1995.

Riker, Pol. *Vreme i priča*, Ik Zorana Stojanoviča, Novi Sad, 1993.

Russell, Bertrand, *Analysis of the Mind*, Pennsylvania, Pennsylvania State University, 2001.

*Pierce Charles S. Semiotic and Significs: The Corespondence between Ch. S. Pierce and Victoria Lady Welby*, Bloomington, Indiana Univ. Press, 1977.

Слотердајк, Петер. *Доаѓање на свет – доаѓање до збор*. Скопје: Темплум, 2006.

Sosir, Ferdinand, *Kurs opce lingvistike*, Kultura, Beograd, 1976.

Strawson, Piter. *Introduction to Logical Theory*, Methuen, London, 1952.

Сулејмани, Сефедин. *Томас Хобс*. Куманово: Просвета, 1998.

Хобс, Томас. *Левијатан*. Скопје: Аз-Буки, 2010.

Wittgenstein, Ludwig. *The Collected works*, Blackwell, Oxford, 1998.